# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА БЕРОВО



| | | |
|---|---|---|
| ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | 03.01.2018<br>БРОЈ 4 | ПРИМЕРОКОТ Е БЕСПЛАТЕН |



С О Д Р Ж И Н А


З А К Л У Ч О К за објавување на Програма за работењето на Територијалната Противпожарна Единица за 2018 година...........................................................................................

Програма за работењето на Територијалната Противпожарна Единица за 2018 година...........................................................................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на Програма за вклучување на ромите согласно локалниот акционен план на Општина Берово за 2018 година...................................................................

Програма за вклучување на ромите согласно локалниот акционен план на Општина Берово за 2018 година........................................................................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на Програмата за работа на Советот на Општина Берово за 2018 година........................................................................................................................

Програма за работа на Советот на Општина Берово за 2018 година.........................................

З А К Л У Ч О К за објавување на Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Берово за 2018 година..............

Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Берово за 2018 година.........................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на З А К Л У Ч О К за усвојување на Програмата за зимско одржување на патни комуникации во населените места во општина Берово за 2018 година на ЈПКР "Услуга" Берово...........................................................................................................

З А К Л У Ч О К за усвојување на Програмата за зимско одржување на патни комуникации во населените места во општина Берово за 2018 година на ЈПКР "Услуга" Берово.................

Програмата за зимско одржување на патни комуникации во населените места во општина Берово за 2018 година на ЈПКР "Услуга" Берово.................

З А К Л У Ч О К за објавување на ОДЛУКА за пристапување на Општина Берово како сооснивач на Здружение за рурален развој Локална Акциона Група „Малеш – Пијанец"......

ОДЛУКА за пристапување на Општина Берово како сосновач на Здружение за рурален развој Локална Акциона Група „Малеш – Пијанец“...............................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување на претставник на основачот во Училишен одбор на ООУ “Никола Петров Русински” с.Русиново..........................................................................................................................

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување на претставник на основачот во Училишен одбор на ООУ “Никола Петров Русински” с.Русиново...........................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на Р Е Ш Е Н И Е за предлагање преставник на Општина Берово во Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи – Берово......

Р Е Ш Е Н И Е за предлагање преставник на Општина Берово во Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи – Берово.............................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на З А К Л У Ч О К за давање на согласност за раскомбинирање на комбинирана паралелка (второ и трето одделение) во ООУ “Дедо Ињо Малешевски” Берово ПУ с.Двориште за учебната 2017/2018..................................................

З А К Л У Ч О К за давање на согласност за раскомбинирање на комбинирана паралелка (второ и трето одделение) во ООУ “Дедо Ињо Малешевски” Берово ПУ с.Двориште за учебната 2017/2018.................................................................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за давање на трајно користење движна ствар - возило за специјална намена (зимска служба) за ринење на снег и растурање на сол „ФАП“ на ЈПКР „Услуга“ Берово...........................................................................................

О Д Л У К А за давање на трајно користење движна ствар - возило за специјална намена (зимска служба) за ринење на снег и растурање на сол „ФАП“ на ЈПКР „Услуга“ Берово.....

Р Е Ш Е Н И Е за запирање на објавување на О Д Л У К А за давање на согласност на Годишниот План за вработување на Општина Берово за 2018 година.......................................

Р Е Ш Е Н И Е за запирање на објавување на О Д Л У К А за давање на согласност на Годишниот План за вработување на ОЈУДГ “23 Август” Берово за 2018 година.....................

З А К Л У Ч О К за објавување на ОДЛУКА за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници во Општина Берово 2018 година..........................................................................................................................................

ОДЛУКА за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници во Општина Берово 2018 година...........................................

З А К Л У Ч О К за објавување на Буџет на Општина Берово за 2018 година..........................

Буџет на Општина Берово за 2018 година...................................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на ОДЛУКА за извршување на Буџетот на Општина Берово за 2018 година.................................................................................................................................

ОДЛУКА за извршување на Буџетот на Општина Берово за 2018 година................................

З А К Л У Ч О К за објавување на Буџетски Календар за 2018 година.....................................

Буџетски Календар за 2018 година..........................................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на Решение е за разрешување и именување на членови на управниот одбор на Општинска јавна установа за социјална заштита на стари лица "д-р Иван Влашки" Берово..................................................................................................................

Решение е за разрешување и именување на членови на управниот одбор на Општинска јавна установа за социјална заштита на стари лица "д-р Иван Влашки" Берово......................

З А К Л У Ч О К за објавување на Програма за дополнување на програмата за активностите на Општина Берово во областа на социјалната заштита за 2018 година..................................

Програма за дополнување на програмата за активностите на Општина Берово во областа на социјалната заштита за 2018 година........................................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на З А К Л У Ч О К за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во општина Берово за 2017 година.................................................................

З А К Л У Ч О К за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во општина Берово за 2017 година......................................................................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за определување и исплата на надоместок за изборните трошоци на организаторите на изборната кампања за локалните избори за 2017 година во Општина Берово.........................................................................................................

Р Е Ш Е Н И Е за запирање на објавување на О Д Л У К А за давање на согласност на Годишниот План за вработување на Општинска јавна установа за социјална заштита на стари лица "Д-р Иван Влашки Берово" за 2018 година.............................................................

РЕШЕНИЕ за доделување на средства од Буџетот на Општина Берово за 2017 година на Санела Чиндарова.......................................................................................................................

РЕШЕНИЕ за определување на координатор за еднакви можности на мажите и жените.........

РЕШЕНИЕ за определување на Заменик координатор за еднакви можности на мажите и жените.............................................................................................................................................

РЕШЕНИЕ за разрешување на вршител на должност директор на ОЈУДГ "23 Август" Берово

РЕШЕНИЕ за именување на вршител на должност директор на ОЈУДГ "23 Август" Берово

ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ВИДЕО НАДЗОР ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ОПШТИНА БЕРОВО...................................................................................................................

ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ПРАВЕЊЕ НА СИГУРНОСНА КОПИЈА, АРХИВИРАЊЕ И ЧУВАЊЕ, КАКО И ЗА ПОВТОРНО ВРАЌАЊЕ НА ЗАЧУВАНИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ.........................................................................................................................

ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА УНИШТУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ, КАКО И НАЧИНОТ НА УНИШТУВАЊЕ, БРИШЕЊЕ И ЧИСТЕЊЕ НА МЕДИУМОТ ВО ОПШТИНА БЕРОВО.....................................................................................................................

ПРАВИЛНИК ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ И ОДГОВОРНОСТИТЕ НА АДМИНИСТРАТОРОТ НА ИНФОРМАЦИСКИОТ СИСТЕМ И НА ОВЛАСТЕНИТЕ ЛИЦА ПРИ КОРИСТЕЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ И ИНФОРМАТИЧКО КОМУНИКАЦИСКАТА ОПРЕМА.........................................................................................

ПРАВИЛНИК ЗА ТЕХНИЧКИТЕ И ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ МЕРКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ТАЈНОСТ И ЗАШТИТА НА ОБРАБОТКАТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ВО ОПШТИНА БЕРОВО...........................................................................................................................

ПЛАН ЗА СОЗДАВАЊЕ СИСТЕМ НА ТЕХНИЧКИ И ОРГАНИЗАЦИСКИ МЕРКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ТАЈНОСТ И ЗАШТИТА НА ОБРАБОТКАТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ.......................................................................................................................

ПРАВИЛНИК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ, РЕАКЦИЈА И САНИРАЊЕ НА ИНЦИДЕНТИ ВО ОПШТИНА БЕРОВО..........................................................................................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

Програма за работењето на
Територијалната Противпожарна Единица
за 2018 година

Се објавува Програма за работењето на Територијалната Противпожарна Единица за 2018 година бр. 09 - 3212/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 27.12.2017 година.

Бр.08-40/1
03.01.2018 год.
Б е р о в о

ОПШТИНА БЕРОВО
Градоначалник
Звонко Пекевски с.р.

**ПРОГРАМА ЗА РАБОТЕЊЕТО НА**
**ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА ЗА 2018 ГОДИНА**

Со Законот за пожарникарството се уредува формирањето, организирањето и дејствувањето на противпожарните единици, доброволните противпожарни здруженија, гаснењето на пожарите, какои условите за производство, ставање во употреба и одржување на уредите, опремата и средствата за гаснење на пожари.

Пожарникарството е работа од стручен и хуманитарен карактер од јавен интерес. Пожарникарството е дел од единствениот систем за заштита и спасување во Републиката.

Со цел поттикнување на превентивните мерки за заштита од пожари, како редовна, традиционална манифестација се воведува „Месец за заштита од пожари’’, која се одржува секоја година, во текот на месец мај. Заради негување на традициите на пожарникарството и одбележување на денот на формирањето на првата противпожарна единица во нашата земја, ”20 Мај” се прогласува за Ден на пожарникарството во Република Македонија и истиот традиционално се одбележува.

Заради гаснење на пожари, спасување на животот на граѓаните и заштита на имотот загрозени од пожари и експлозии, укажување на техничка помош при незгоди и опасни ситуации, како и извршување на други работи при несреќи и непогоди, се формираат противпожарни единици. Согласно член 5 став 3 од Законот за пожрникарството, Општина Берово формира Територијална противпожарна единица, која ја покрива и територијата на Општина Пехчево. Единицата покрива 974 км/2 опфатени околу 20 000 жители во две градски и 14 селски населби.

Единицата брои 15 пожарникари, од кои:

- 4 пожарникари спасители
- 5 пожарникари - возачи на спецјално возило
- 2 пожарникари - водачи на група

- 4 пожарникари - командир на одделение

Противпожарната единица е организирана и опремена со соодветна техничка опрема и средства за гаснење на пожари, како и за извршување на другите задачи во рамките на надлежноста.

Противпожарната единица е должна да презема мерки за гаснење на пожарот, односно отстранување на непосредната опасност за настанување на пожар, веднаш по дознавањето за настанатиот пожар или опасност за настанување на пожар.

Покрај гаснењето на пожарите **ТППЕ** учествува и во вршењето на технички интервенции во рамките на своите можности за која цел се спроведува и соодветна обука на вработените. Единицата учествува во давање помош при елементарни непогоди и други ситуации. За сите поголеми и покарактеристични интервенции се доставува посебна информација до градоначаникот на Општина Берово.

Заради поуспешно обавување на поставените работни задачи во текот на 2018 предвидени се повеќе вежбовни активности на ТППЕ Берово. Во текот на 2018 ќе бидат организирани 6 поголеми вежби со учество на целата единица и 12 помали вежби кои ќе бидат спроведувани во кругот на **ТППЕ Берово**.

Заради подобрување на моторните способности секојдневно се обавуваат тренинг возења и користење на опремата која ја поседува единицата. За исправноста на опремата која ја поседува **ТППЕ Берово** се врши редовна контрола од страна на овластени лица од ДЗС за што се изготвува записник.

Согласно важечките стандарди (**ISO 9001:2008)** за тековното работење на ТППЕ се води пропишана евиденција и се изготвува годишната програма на единицата.

Техничкото опремување на единицата го врши Општина Берово согласно законските прописи и Правилниците а во рамките на своите можности. Исто така средствата за одржувањето на возилата и опремата паѓа на товар на Општина Берово.

Средствата за финансирање на противпожарната единица и организацијата за гаснењето на пожари се обезбедуваат од републичкиот буџет, буџетот на општината, и процентуален дел од: наплатени премии за осигурување на имот од пожар, наплатени премии за осигурување на моторните возила и осигурување од одговорност од употреба на моторните возила, средствата од наплатени парични казни за сторени прекршоци од областа на заштитата од пожари и експлозии, приходо од сопствени извори , доброволни прилози и слично.

Административно – техничките работи и книговодствените евиденции на противпожарната единица се преземаат и извршуваат од страна на општинската администрација, согласно со закон.

Со оглед на тоа дека Територијалната противпожарна единица на Општина Берово ја покрива и територијата на Општина Пехчево, од страна на Општина Берово е предвидено да се склучи Договор за меѓуопштинска соработка со Општина Пехчево.

**ТППЕ Берово** има интензивна соработка со ЈП Македонски Шуми Берово, ЈКПР „УСЛУГА“ Берово, Водостопанство Берово и ЕВН Македонија со цел спречување на настанување на поголеми штетни последици по граѓаните и матерјалните добра во Општината.

Со вршењето на редовни смотри командирот има постојан увид во однесувањето, изгледот и работната дисциплина на вработените при извршувањето на работните задачи. Проверката на возилата задолжително ја прави секоја смена. Ажурирањето на планот за мобилизација и на картотеката на улици и објекти како и хидрантската мрежа се врши постојано од страна на командирот на ТППЕ.

Работното време во **ТППЕ Берово** е организирано во 24 часовно дежурство на смени од по 12 часа. Единицата располага со 3 авто-цистерни и 1 теренско возило Лада Нива (неисправно). Редовно се одржуваат контакти со противпожарните единици од соседните општини за поголема соработка на сите нивоа од противпожарната заштита. Заради зголемување на ефикасноста во дејствувањето и одржување на работната дисциплина командирот врши контролни активности. За непречено функционирање и спроведување на програмата командирот изготвува преглед на потребни средства за

**ТППЕ Берово** континуирано за секоја година.

| * | Надлежности, работни цели и работни задачи | Рокови за реализација | Детален опис на работни цели и работни задачи |
|---|---|---|---|
| 1 | Раководење со ТППЕ – командир на ТППЕ и командир на одделение во ТППЕ | Континуирано, во текот на целата календарска година | - Организирање на работата на територијалната противпожарна единица<br>- Спасување на животот на граѓаните<br>- Заштита на имотот на лица загрозени од пожари и експлозии |
| 2 | Укажување на техничка помош при незгоди и опасни ситуации – сите вработени во ТППЕ | Континуирано, во текот на целата календарска година | - Пружање на помош во рамки на можностите на единицата |
| 3 | Грижа за постоење на мобилност на единицата – командир на ТППЕ | Континуирано, во текот на целата календарска година | - Постојана комуникација со вработените<br>- 12 часовно сменско работење |
| 4 | Раководење, организирање и следење на работата на ТППЕ – командир на ТППЕ и командир на одделение во ТППЕ | Континуирано, во текот на целата календарска година | - Раководење на работата на ТППЕ<br>- Организирање на сменско и месечно работење на ТППЕ<br>- Следење на работата на ТППЕ преку постојана контрола на одделенијата во ТППЕ |
| 5 | Изготвување на годишен план за работа на единицата – командир на ТППЕ | На крајот на годината за следната календарска година (декември) | - Планирање на работата на ТППЕ по месеци и квартали за општи активности и надлежности |
| 6 | Изготвување на годишна програма за работа на ТППЕ – командир на ТППЕ | Континуирано, во текот на целата календарска година | - Во програмата се предвидува опис на работата на ТППЕ за целата календарска година<br>- Во расходи се евидентираат средствата кои се потребни за тековно функционирање на ТППЕ |
| 7 | Изготвување на извештај за работата на ТППЕ – командир на ТППЕ | Континуирано, во текот на целата календарска година | - Изготвување на месечен извештај – евидентирање на интервенции<br>- изготвување на полугодишен извештај – евидентирање на интервенции и опис на интервенции<br>- изготвување на годишен извештај - детална евиденција и детален опис на интервенциите од страна на ТППЕ<br>- собирање на информации и податоци за за настанати пожари<br>- водење на евиденција за настанатите пожари , интервенции, експлозии и слично |
| 8 | Постапување по важечките законски и подзаконски акти од областа на -заштитата и спасување – командир на ТППЕ и командир на одделение во ТППЕ | Континуирано, во текот на целата календарска година | - изготвување на службена информација кога е во прашање голема интервенција (голем пожар) |
| 9 | Распоредување на работни задачи на вработените во ТППЕ – командир на ТППЕ и командир на одделение во ТППЕ | Континуирано, во текот на целата календарска година | - запознавање на вработените со нивните работни цели и задачи од систематизацијата на работни места на Општина Берово<br>- постапување во ситуација на пожар |
| 10 | Раководење на акцијата за гаснење на пожар – командир на ТППЕ и командир на одделение | Континуирано, во текот на целата календарска година | - постапување во ситуација на пожар |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | во ТППЕ | | |
| 11 | Стручно усовршување – сите вработени | Континуирано, во текот на целата календарска година | - настава со вежбовни активности: - 6 поголеми вежби со учество на целата единица (еднаш во два месеци) и 12 помали вежби (еднаш месечно) кои ќе бидат спроведувани во кругот на **ТППЕ Берово**<br>- спроведување на **неделна** обука на вработените<br>- реализација на тренинг возење - секојдневно<br>- во соработка со ПП Сојуз на Берово организирање на квиз натпревар од областа на ПП заштитата |
| 12 | Работна дисциплина – сите вработени | Континуирано, во текот на целата календарска година | - контрола на распоредот и користењето на работното време на вработените во ТППЕ од страна на непосредно претпоставените<br>- покренување на дисциплинска постапка за утврдување на дисциплинска неуредност или дисциплински престап (доколку се јави потреба) од непосредно претпоставен<br>- покренување на постапка за утврдување на материјална одговорност на вработените (доколку се направи материјална штета) од непосредно претпоставен<br>- грижа за униформата и личната уредност на вработените согласно одредбите од важечките прописи од страна на сите вработени |
| 13 | Одржување на возилата и возниот парк – сите вработени | Континуирано, во текот на целата календарска година | - навремено распишување на тендери за потребите на ТППЕ<br>- изготвување на анализи за потребите за ТППЕ за реализација на јавната набавка<br>- евиденција на потрошено гориво за возилата<br>- евидентирање на користење на моторните возила<br>- одржување на хигиената во гаражите |
| 14 | Одржување на опрема и средствата за гаснење на пожари – сите вработени | Континуирано, во текот на целата календарска година | - навремено набавување на средства за гаснење на пожари и нивно одржување<br>- грижа за постоечката опрема и постојана проверка на истата |
| 15 | Информирање и обука на населението за опасноста од пожари и елементарни непогоди | Континуирано, во текот на целата календарска година | - одржување на показни вежби на вработените во приватниот сектор<br>- одржување на показни вежби на вработените во јавниот сектор<br>- одржување на показни вежби на учениците во основните училишта<br>- одржување на показни вежби на |

| | | | учениците во средното училиште |
|---|---|---|---|

**ФИНАНСИСКА СПЕЦИФИКАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ПРОГРАМАТА ЗА ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА**

| Реден Број | Опис на активност | Временска рамка | Вкупно средства |
|---|---|---|---|
| * | Стоки и услуги | Континуирано, во текот на годината, во зависност од потребите | |
| * | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | | 240.000,00 |
| * | Поправки и тековно одржување | | 160.000,00 |
| | | ВКУПНО: | 400.000,00 |

Оваа програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен Гласник на Општина Берово.

Арх.бр. 09 - 3212/1
27.12.2017 година
Берово

Совет на Општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

ПРОГРАМА ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА РОМИТЕ СОГЛАСНО ЛОКАЛНИОТ АКЦИОНЕН ПЛАН НА ОПШТИНА БЕРОВО ЗА 2018 ГОДИНА

Се објавува бр. 09-3213/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 27.12.2017 година.

Бр.08-40/2
03.01.2018 год.
Б е р о в о

ОПШТИНА БЕРОВО
Градоначалник
Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 16 став 1 точка 3, со член 19 и член 73 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр.13/02 и 18/07, 30/08 и 20/10), Советот на Општина Берово на 4-тата седницата одржана на 27.12.2017 година донесе

**ПРОГРАМА**

**за вклучување на Ромите согласно Локален акционен план на Општина Берово за 2018 година**

**Вовед**

Локалниот акционен план на Општина Берово во областа на вработување, домување, образование, здравство и жената ромка е усвоен во април 2017 и е со важност за периодот 2017-2020. Истиот беше изработен во рамки на Проектот "Локална интеграција на бегалците, внатрешно раселените лица и малцинските групи" поддржан од Европската Унија кој го имплементира конзорциум предводен од ЕПТИСА во партнерство со Министерството за труд и социјална политика, во самата изработка учествуваше Локалното координативно тело (ЛКТ) во кое беа вклучени претставници од единицата на локалната самоуправа, Ромскиот информативен центар, ЈУ МЦСР Берово, АВРМ ЦВ Берово, претставници од образовните институции ( ООУ Дедо Ињо малешевски, ОУ Никола Петров Русински и ОСУ Ацо Русковски), претставници од детската градинка ОЈУДГ 23 Август, здравниот дом во Берово, НВО организации и поединци.
Програмата за вклучување на Ромите согласно Локалниот акционен план на Општина Берово за 2018 година се однесува на луѓето од локалната заедница кои меѓусебно соработуваат со цел да се постигне подобрување на квалитетот на живот во Ромската заедницата. Со ЛАП се планирани неколку стратешки области кои се дел од оваа програма и кои произлегуваат од усвоениот документ. Активностите ги опфаќаат институциите кои се на локално и централно ниво и согласно нивните ингеренции. Овој план исто така ги отсликува и финсиските импликации кои се поделени помеѓу институциите. Најголемиот дел од предвидените средства се опфатени во програмите и активностите кои ги спроведуваат институциите од областите за кои имаат надлежност.
Општина Берово и локалната заедница вршат конкретен чекор кон спроведување на ефектите од децентрализацијата како процес и јакнењето на демократските односи, а посебно вклучување на граѓаните во процесот на одлучување.

**Стратешки проиритети**

Програмата е насочена кон активности во различни подрачја на делување, а со цел создавање на соодветни услови за искористување на предности и спецификите на локалната заедница.
Стратешките документи на општината и усвоените приоритети во ЛАП се:

**ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ВРАВОТУВАЊЕ**

**Стратешка цел/импакт: Зголемени можности за вработување на Ромите на достоинствени работни места**

*Исходи*

1. Подобрен пристап за Ромите до Владините програми за вработување до 2020, посебно за Ромките
2. Повисок приход и одржливи вработувања за Ромите до 2020, посебно за Ромките

*Излезни резултати*

1.1. Агенцијата за вработување располага со соодветен персонал, опрема и вештини за да им помогне на невработените Роми при нивното барање за работа

1.2. Обезбедени бесплатни информации и услуги за можностите за вработување на пазарот за невработените Роми

1.3. Зголемување на бројот на обучени Роми за професионални кфалификации за занимања кои се побарувани на пазарот на труд

2.1. Работодавачите се потикнати да вработуваат Роми

2.2. Ромите се зајакнати да развијат и започнат со упревување на свој бизнис

2.3. Зголемени капацитети на претприемачи Роми (правни субјекти) да користат микро-кредити за дополителни вработувања

2.4. Работодавачите (од јавниот и приватниот сектор), го разбираат импактот на дискриминацијата на Ромите врз пазарот на трудот

2.5. Овозможена застапеност на Ромите како работна сила во централната и локалната државна администрација

## ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ДОМУВАЊЕ

**Стратешка цел/импакт: Намалување на јазот во однос на квалитетот на домување помеѓу ромските и не-ромските заедници**

*Исходи*

1. Обезбедено социјално домување за ромските семејства од социјално ранливите категории

2. Подобрени услови за живеење на ромските семејства преку изработка и спроведување на програми за интегрирана урбана регенерација и сузбивање на штетните услови за живеење

3. Обезбедено системско регистрирање во Катастар на имотот и земјата во сопственост на Ромите

*Излезни резултати*

1.1. Реализирани проект/и за изградба на станови наменети за домување на социјално ранливи групи

1.2. Идентификувана потреба за обновување на станбени едициници во кои живеат Ромите од социјално ранливите групи

2.1. Реализирани проекти од комуналната инфраструктура во општините во населени места со претежно ромско население

2.2. Подобрен административен капацитет во ЕЛС за изработка на проектно-техничка документација од обласата на комуналната инфраструктура во општини со поголем процент на ромско население

3.1. Ромите имаат знаење и обврска да се вклучат во процесите на легализација на бесправно изградени објекти

## ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ОБРАЗОВАНИЕ

**Стратешка цел/импакт: Подобрена образовната структура кај ромската заедница особено кај девојчињата и жената Ромка**

*Исходи*

1. Подобрен пристап и успешно комплетирање на предучилишно образование на Ромите, особено на ромските девојчиња
2. Подобрен пристап и успешно комплетирање на основното образование на Ромите, особено на ромските девојчиња
3. Подобрен пристап и успешно комплетирање на средното образование на Ромите, особено на ромските девојчиња
4. Зголемен пристап и успешно комплетирање на високото образование на Ромите, особено на ромските девојчиња
5. Зголемен бројот на возрасни Роми кои го комплетирале основното и средното образование
6. Намален бројот на ученици Роми во основните и средните специјални училишта во Р.Македонија

*Излезни резултати*

1.1. Зголемен број на деца Роми кои успешно завршиле претшколско образование на возраст од 3 до 5 години
1.2. Зајакнети капацитети на персоналот во градинките
1.3. Подигната свест кај родителите за важност од предучилишното образование за нивните деца
2.1. Подобрена законска регулатива за пристап на Ромите ученици во основното образование
2.2. Подигната свест кај родителите за важност од основното образование за нивните деца
2.3. Зголемена вклученост на деца од улица во воспитно образовниот процес
2.4. Развивање на нови форми на соработка помеѓу националните, локалните институции, невладиниот сектор и заедницата за поддршка на образованието
2.5. Изготвени програми за превенција и заштита од дискриминација и сегрегација во основните училишта
3.1. Зголемен упис на Роми во средно училиште
3.2. Зајакната свест кај родителите Роми за важноста од средното образование на нивните деца
3.3. Воведени нови форми на соработка помеѓу локалните институции, невладиниот сектор и ромската заедница
4.1. Зголемен број на запишани Роми студенти на државните и приватните универзитети
5.1. Подобрен пристап и успешно комплетирање на образованието за возрасните Роми
6.1. Доследна примена на законската регулатива за запишување на ученици во училиштата за специјално образование.

## ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ЗДРАВСТВО

**Стратешка цел/импакт: Продолжување на животниот век кај Ромите до 2020 година.**

*Исходи*

1. Подобрен пристап за Ромите до интегрирани, квалитетни, превентивни и куративни здравствени услуги
2. Намалени ризици и превенирани болести поврзани со стапката на морталитет кај Ромите чија појава е покарактеристична кај ромската популација

3. Спречување на дискриминацијата врз Ромите во пристапот до здравствените услуги

*Излезни резултати*

1.4. Да се зголеми видот и обемот на здравствените услуги во ромските заедници

1.5. Јакнење на стручните капацитети на Ромските здравствени медијатори и други стручни лица кои работат со Роми

2.1. Намалување на појавата на заразни и незаразни болести кај деца Роми до 6 год.

2.2. Подобрено планирање на семејството и репродуктивно здравје, особено кај младите жени Ромки, и развиени и имплементирани мерки за заштита на здравјето на жените и децата

2.3. Намалување на морбидитетот и морталитетот од хронични незаразни заболувања и зависности помеѓу ромското население

3.1. Промовирање на можностите за пријавување на повреда на правата на пациентите при користење на здравствените услуги.

## АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ПОЛОЖБАТА НА РОМСКАТА ЖЕНА ВО ОПШТЕСТВОТО

**Стратешка цел/импакт: Жените и девојчињата од ромската заедница ги уживаат човековите права ослободени од родова не-еднаквост и дискриминација**

*Исходи*

1. Зголемен пристап на Ромките до средства и можности за нивен развој и учество во економскиот, социјалниот и културниот живот,

2. Намалено ниво на семејно насилство врз жените,

3. Намалена преваленца на бракови/заедници помеѓу и со малолетници и нивното влијание врз образованието, здравјето и родовата улога.

*Излезни резултати*

1.1. Државната администрација има капацитети за вклучување на родовата компонента во процесот на планирање, буџетирање, мониторинг и евалуација на јавните политики, со фокус на потребите на жените Ромки

1.2. Единиците на локалната самоуправа имаат капацитети за вклучување на родовата компонента во процесот на планирање, буџетирање, мониторинг и евалуација на локалниот развој, локалните стратегии и акциони планови, со фокус на потребите на жените Ромки

1.3. Ромките, претставници на државна, локална администрација, и НВО-ата и граѓаните имаат зголемен капацитет за лобирање, подигање на свеста и гласот за положбата на Ромката во семејството и општеството

2.1. Припадниците на полицијата и судството го разбираат импактот на родовото насилство врз сиромаштијата и социјалната исклученост на ромската жена

2.2. Ромките кои се жртви на семејно насислство ги користат правните можности и процедури за пријава на истото

3.1. Зголемена информираност за влијанието на бракови/заедници помеѓу и со малолетнициврз остварувањето на човековите права

3.2. Студија за импементацијата на правната регулатива со која се регулираат бракови/заедници помеѓу и со малолетнициии иницирање на законски амандмани

3.3. Воведен систем за евиденција и постапување во случаите на евидентирани бракови/заедници помеѓу и со малолетници.

* Информации за активностите се дадени во Анекс 1

Градоначалникот на општина Берово го следи реализирањето на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели и активности. Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на општина Берово”.

Број 09-3213/1
27.12.2017 година
Берово

Совет на општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски  с.р.

| **Активност** | **Излезен резултат** | **Индикатори** | **Надлежни институции** | **Време за реализација** | **Бует** | **Извор на финансии** | **резултат** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.Спроведување на програма за менторство и професионално советување на Ромите во општина Берово | Развивање на програми за професионално советување и програми за менторство за Ромите | Број на Роми од општината кои имале придобивка од програмата | Оптина Берово во партнерство со МТПС/АВРМ/УНДП | 2017 год 2018 год | 50.000, 00 ден | Буџет на Владата, на општината, и меѓународни организации | Зголемување вработеноста за 10% на годишно ниво до 2020 |
| 2.Организирање на информативни средби со невработените Роми за промоција на можности за вработување на Ромите во општина Берово | Организирање на информативни средби си невработените Роми за промоција на можности за вработување на Ромите на локално ниво | Број на организирани средбиза можностите за вработување | МТСП во партнерство со АВРМ, УНДП, граѓански здруженија/невладини организации | 2017 год 2018 год | 30.000,00 ден | Буџет на АВРМ/МТСП, Средства од европските фондови, Донации | Организирани најмалку по 2 обуки годишно (2017-2020) |
| 3.Обуки за изработка на ЦВ, мотивациони писма и постапка за подготовка и однесување на интервју за невработените Роми | Организирање на информативни средби си невработените Роми за промоција на можности за вработување на Ромите на локално ниво | Број на обучени Роми | МТСП/АВРМ/УНДП/ граѓански здруженија/невладини организации - РИЦ | 2017 год 2018 год | 90.000,00 ден | МТСП/АВРМ европските фондови Донации/ донаторски средства | Организирани најмалку по 2 обуки годишно (2017-2020) |
| 4.Информирање на невработените Роми и промоција на можноста за завршување на обуки за занимања побарувани на пазарот на трудот | Спроведување на програми за професионално обучување на лица (вклучително и Роми) за кфалификации за занимања кои се побарувани на пазарот на труд | Бројна информирани Роми од опптината и за можностите | Оптина Берово во партнерство со МТПС/АВРМ/УНДП | 2017 год 2018 год | 12.000,00 ден | Буџет на Владата /донаторски средства | Најмалку 80 информирани Роми на годишно ниво (2017-2020) |
| 5. Организирање на информативни средби со потенцијалните работодавачи | Организирање на информативни средби со потенцијалните работодавачи | Број на информирани компании | Општината во партнерство со МТСП, МФ, АВРМ, УНДП, НВОа, Стопански Стопански Комори | 2017 год 2018 год | 30.000,00 денари | Буџет на општината, АВРМ/МТСП, Средства од европските фондови, | Најмалку 20 компании информирани на годишно ниво (2017-2020) |
| 6. Организирање на информативни средби со заинтересирани невработени Роми од општина Берово за вклучување во програмитеза самовработување | Вклучување на Роми во програми за самовработување | Зголемен број на вклучени во програмите за самовработување од бројот на информирани | Општината во партнерство со МТСП, МФ, АВРМ, УНДП, НВОа, Стопански Комори | 2017 год 2018 год | 60.000,00 ден | Буџет на општината, АВРМ/МТСП, Средства од европските фондови, Донации/ донаторски средства | Најмалку 7% од информиранит е успешно да влезе во програмата на годишно ниво (2017-2020) |
| 7.Организирање на информативни средби со Роми претприемачи во општина Берово | Организирање на информативни средби со Роми претприемачи | Број на информирани претприемачи, дисегрегиран по пол | Општината во партнерство со МТПС, МФ, Комерцијални банки, Стопанска комора, граѓански здруженија/невладин | 2017 год 2018 год | 12.000,00 ден | Буџет на општината, АВРМ/МТСП, Средства од европските фондови, Донации/ | Најмалку 15 Ром претприемачи информиран на годишно ниво (2017-2020) |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8. Поддршка на вклучување на Роми во обуки за развој на бизнис план во ЦВ Берово | Организирање на обуки за развој на бизнис план | Број на обучени Роми за развој на бизнис вештини | Општината во партнерство со МТПС/АВРМ/ЦВ Берово/меѓународни организации | 2017 год 2018 год | 6.000,00 ден | Буџет на АВРМ/МТСП, Средства од европските фондови, Донации/ | Најмалку 3 Роми на годишно ниво (2017-2020) |
| 9. Обуки за креирање на работни места преку традиционални стари занаети | Вклучување на Роми во програми за самовработување | Број на обучени | Општината во партнерство со МТПС, МФ, Комерцијални банки, Стопанска комора, граѓански здруженија/невладини организации | 2017 год 2018 год | 180.000,00 ден | Средства од европските фондови, Донации/ | Најмалку 15 обучени Роми |
| 10. Спроведување и мапирање на состојбата со регистрација на Ромите во АВРМ (активни/пасивни баратели) во општина Берово | Спроведување на истражување /социјално мапирање за состојбата со регистрацијата на Ромите во АВРМ | Спроведено истражување | Министерство за труд и социјална политикаво партнерство со АВРМ, граѓански здруженија/ невладини организации | 2017 год 2018 год | 12.000,00 ден | Буџет на општината, Средства од европските фондови, Донации/ | континуирано следење на состојбата на годишно ниво до 2020 година |
| 11. Промовирање и вклучување во Обуки за стекнување со меѓународно признати сертификати за ИТ и странски јазик за млади Роми со минимум завршено средно образование кои имаат аспирација за вработување во на администрација | Поддршка при вработувањето на Роми во структурите на локалната јавна администрација преку промовирање на можностите и подигнување на свеста кај населението | Број на обучени Роми | Општина Берово во партнерство со МТСП, ЦВ Берово и РИЦ | 2017 год 2018 год | 300.000,00 денари | Буџет на РМ | Најмалку 5 Роми се стекнале со соодветни сертификати на (2017-2020) |

| **Активност** | **Излезен резултат** | **Индикатори** | **Надлежни институции** | **Време за реализација** | **Бует** | **Извор на финансии** | **резултат** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** Имплементација на програми за бесплатно вклучување на деца Роми од 3 до 5 години од општина Берово во предучилишно воспитно образовен процес | Имплементација на програми за бесплатно вклучување на деца Роми од 3 до 5 години во предучилишно воспитно образовен процес | Број на имплементирани програми за бесплатно вклучување на деца Роми во предучилишно воспитание и образование | ЕЛС во партнество со МТСП, Невладини организации и ОЈУДГ 23 Август Берово | 2017 год 2018 год | 400.000,00 ден | Буџет на МТСП и МОН, ЕЛС, Средства од европските фондови, Донации/ донаторски средства ( РЕФ) | Најмалку 1 програма имплементирана на годишно ниво (2017-2020) |
| **2.** Вклучување на децата Роми во предучилишно воспитание преку програмата Општинско корисна работа ( УНДП) | Имплементација на програми за бесплатно вклучување на деца Роми од 3 до 5 години во предучилишно воспитно образовен процес | Број на вклучени деца | ЕЛС во партнерство со МТСП (ОЈУДГ 23 Август Берово) и НВО-и | 2017 год 2018 год | 220.000, 00 ден | Средства од европските фондови, Донации/ донаторски средства | 22 деца вклучени во градинка во ОКР програмата (2017) |
| **3.** Работилници за мотивација на родителите за вклучување на децата Роми во предучилишно воспитание и | Подигање на свеста на родителите за важноста од предучилишно интеркултурно | Број на одржани работилници со ридители за | ЕЛС во партнество со МТСП, Невладини организации и ОЈУДГ 23 | 2017 год 2018 год | 30.000,00 ден | ЕЛС, Средства од европските фондови, Донации/ | Најмалку 2 работилници имплементирани на |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| образование од 1 до 5 години | учење | вклучување на деца Роми во предучилишно воспитание и образование | Август Берово | | | донаторски средства | годишно ниво (2017-2020) |
| **4.** Вклучување на родители Роми од општина Берово во управувачкото тело на градинката | Вклучување на родители Роми во управувачкото тело на градинката | Број на градинки со вклучени родители во советите на родители/училипни одбори во градинките | ЕЛС во партнерство со МТСП | 2017 год<br>2018 год | 18.000, 00 ден | Буџет на МТСП и ЕЛС Средства од европските фондови,<br>Донации/<br>донаторски средства | Најмалку 1 Ром родител вклучен (континуирано до 2020) |
| **5.** Воведување на локални медијатори во училиштата во општината за учениците Роми | Воведување на локални медијатори во училиштата за учениците Роми | Број на воведени медијатори | ЕЛС во партнерство со МОН и УОЈЗ | 2017 год<br>2018 год | 150.000, 00 ден | Буџет на МОН<br>Средства од европските фондови, Донации/<br>донаторски средства (РЕФ) | Ангажиран 1 образовен медијатор до 2020 |
| **6.** Обезбедување на дополнителна туторска настава за учениците Роми од општина Берово кои покажуваат послаби образовни резултати по одредени предмети во основното образование | Обезбедување на дополнителна туторска настава за учениците Роми кои покажуваат послаби образовни резултати по одредени предмети во основното образование | Број на ученици кои се вклучени во туторска настава | ЕЛС во партнерство со МОН и УОЈЗ | 2017 год<br>2018 год | 150.000,00 ден | Буџет на МОН<br>Средства од европските фондови, Донации/<br>донаторски средства | 25 ученици Роми вклучени во туторска настава годишно до 2020 |
| **7.** Спроведување на програма за условни парични трансфери за ученици Роми во основно образование во општина Берово | Спроведување на програма за условни парични трансфери за ученици Роми во основно образование | Број на ученици Роми корисници на условни парични трансфери во основното образование | ЕЛС во партнерство со МОН и УОЈЗ | 2017 год<br>2018 год | 30.000,00 ден | Буџет на МОН | Најмалку 10 ученици до<br>2018 |
| **8.** Отворање на Кариерни центри за кариерно насочување на учениците Роми во основното образование во општина Берово | Отворање на Кариерни центри за кариерно насочување на учениците Роми во основното образование | Број на отворени кариерни центри | ЕЛС во партнерство со МОН и УОЈЗ | 2017 год<br>2018 год | 480.000,00 ден | Буџет на МОН<br>Средства од европските фондови, Донации/<br>донаторски средства | Отворен 1 кариерен центар во просториите на СОУ или СУ<br>(2018) |
| **9.** Подигнување на свеста кај родителите Роми од општина Берово за важноста на основното образование | Подигнување на свеста кај родителите Роми за важноста на основното образование | Број на организирани средби | ЕЛС во парнерство соМОН и УОЈЗ | 2017 год<br>2018 год | 30.000,00 ден | Буџет на МОН<br>Средства од европските<br>фондови, Донации/<br>донаторски средства | Организирани 6 средби до 2020 |
| **10.** Организирање на средби со релевантни институции на локално ниво во општина Берово за формирање на локални совети за соработка | Организирање на средби со релаватни институции на локално ниво за формирање на локални совети за соработка | Број на средби | ЕЛС во партнерство со МОН и УОЈЗ | 2017 год<br>2018 год | 12.000, 00 ден | Буџет на МОН, општината,<br>Средства од европските фондови, Донации/<br>донаторски средства | Најмалку 2 средби годишно<br>(до 218) |
| **11.** Обезбедување на Стипеднdии за ученици Роми од Берово во средното | Стипендирање на средношколци Роми | Број на доделени стипендии | МОН во партнерство со УОЈЗ и ЕЛС | 2017 год<br>2018 год | 250.000, 00 ден | Буџет на МОН<br>Средства од европските | Доделени најмалку 10 стипендии до 2020 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| образование | | | | | | фондови, Донации/ | година |
За средства потребни за одредени проектни активности на здруженијата на граѓани и фондации до износ од 10.000,00 денари, одлучува Градоначалникот, додека за поголеми износи одлучува Советот на Општината.

Градоначалникот во писмена форма доставува до Советот информација по истекот на секој квартал за висината на средствата кои се дадени и називот на субјектот.

Член 22

За секое новородено дете, чии родители се со место на живеење во општина Берово, ќе се врши исплата на 3.000,00 ден. од потставка – 464990 – Други трансвери, програма А0 согласно програмата за социјална заштита.

Член 23

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во пооделни програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на Општината.

Член 24

Вработувањата во општинската администрација се вршат согласно актите за организација и систематизација на општината за кои се обезбедени средства во буџетот на општината. Градоначалникот дава писмено известување за обезбедените средства.

Локалните јавни установи од областа на културата,образованието и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации можат да вработуваат нови работници доколку се обезбедени средства во Буџетот на Република Македонија за што писмено известување дава Министерството за финансии,врз основа на барање од Градоначалникот на општината до надлежното Министерство за потреба од вработување во локалните јавни установи,со соодветна пропратна документација.

Член 25

Се овластува одделението за финансиски прашања да ги примени одредбите од новите законски прописи кои ја регулираат исплатата на бруто платата.

Член 26

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите кои се уплатени, а до колку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

Член 27

Буџетот на Општина Берово за 2018 година се извршува од 01.01.2018 до 31.12.2018 година.

Член 28

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Берово“, а ќе се применува од 01.01.2018 година.

Бр.09-2226/1
27.12.2017 година
Берово

Совет на Општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

Буџетски Календар за 2018 година

Се објавува Буџетски Календар за 2018 година бр. 09-3227/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 27.12.2017 година.

Бр.08-40/16
03.01.2018 год.
Б е р о в о

ОПШТИНА БЕРОВО
Градоначалник
Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 27 став 4 и 5 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.61/04, 96/04 ,67/07,156/09 и 47/2013), Советот на Општина Берово на седницата одржана на ден 27.12.2017 година донесе:

# БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР
за 2018 година

| ДАТУМ | АКТИВНОСТ |
|---|---|
| Декември Јануари | Советот на општината го донесува буџетскиот календар |
| Април | Министерството за финансии доставува до Владата на Република Македонија Фискална стратегија на РМ за наредните три години |
| Април | Советот на општината ја разгледува фискалната стратегија на општината за следната година. |
| Април- Мај | Градоначалникот подготвува општински буџетски циркулар со образложение за потребните средства до општинските буџетски корисници |
| Јуни | Општинските буџетски корисници ги доставуваат предлог –пресметките за наредната година со образложение за висината на износите по позиции |
| Јули – Август | Одделот за буџет врши преговарање и анализирање на доставените предлог-пресметки и ги одредува приоритетите и одредбите за новиот Предлог-буџет |
| Август | Градоначалникот ги разгледува новите барања и предлози и по нив одлучува и дава насоки |
| 30 Септември | Министерот за финансии доставува буџетски циркулар со насоки за изготвување на Предлог-буџетот за наредната година |
| Октомври<br><br>20 октомври | Градоначалникот го разгледува и одобрува Предлог-буџетот подготвен од страна на финансискиот оддел на општината<br>Градоначлникот доставува предлог-план на програми за развој; |
| Ноември<br><br><br><br>15 ноември | - Предлог-буџетот се доставува до Советот на општината<br>- Се објавува содржината на Предлог-буџетот и се дава достапност на јавноста<br>- Се одржуваат јавни расправи и форуми:<br>- Одобрување на предлог-планот на програмите за развој |
| Декември | Градоначалникот го доставува конечниот Предлог-буџет до Советот |
| Декември | Телата на Советот на општината водат расправа по доставениот Предлог-буџет |
| Крај на Декември | Седница на Советот на општината за донесување на буџетот за наредната буџетска година |
| Јануари | Почеток на новата буџетска година |

09-2227/1
27.12.2017 г.
Берово

Совет на општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

Р е ш е н и е
за разрешување и именување на
членови на управниот одбор на
Општинска јавна установа за социјална заштита
на стари лица “д-р Иван Влашки” Берово

Се објавува Решение е за разрешување и именување на членови на управниот одбор на Општинска јавна установа за социјална заштита на стари лица “д-р Иван Влашки” Берово бр. 09-3228/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 27.12.2017 година.

Бр.08-40/17<br>03.01.2018 год.<br>Б е р о в о

ОПШТИНА БЕРОВО<br>Градоначалник<br>Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 и точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 100 став 1, 2, 5 и 6 од Законот за социјалната заштита („Сл.весник на РМ“ бр.79/09……30/2016) и член 19 став 2 точка 28 и точка 44 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), а во врска со Барањето за изземање на Маја Николова примено под Бр.09-2934/1 од 05.12.2017 година и Барањето за разрешување од Андријана Ѓеринска примено под Бр.09-3202/1 од 27.12.2017 година, Советот на Општина Берово на седницата одржана на 15.11.2017 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА**
**ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА**
**ОПШТИНСКА ЈАВНА УСТАНОВА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА**
**НА СТАРИ ЛИЦА “Д-Р ИВАН ВЛАШКИ” БЕРОВО**

5. Од членови на Управниот одбор на Општинска јавна установа за социјална заштита на стари лица “Д-р Иван Влашки” Берово се разрешуваат:

- Маја Николова и
- Андријана Ѓеринска;

6. За членови на Управниот одбор на Општинска јавна установа за социјална заштита на стари лица "Д-р Иван Влашки" Берово се именуваат:

   - Марија Панковска и
   -Руменка Дујовска.

7. Ова Решение е составен дел на Решението Бр.09-2593/1 од 15.11.2017 година и влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово".

Бр.09-2228/1
27.12.2017 година
Б е р о в о

Совет на Општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

Програма за дополнување на програмата
за активностите на Општина Берово во областа на
социјалната заштита за 2018 година

Се објавува Програма за дополнување на програмата за активностите на Општина Берово во областа на социјалната заштита за 2018 година бр. 09-3229/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 27.12.2017 година.

Бр.08-40/18
03.01.2018 год.
Б е р о в о

ОПШТИНА БЕРОВО
Градоначалник
Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 7, член 36 и 62 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ број 5/02) и член 16 став 1 точка 7 од Статутот на општина Берово („Сл. гласник на општина Берово" број 13/02), Советот на општина Берово на седницата одржана на 27.12.2017 година, донесе:

**ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМА**
**за активностите на општина Берово во областа на социјална заштита во 2018 година**

Во дел III. Активности, од Програмата за активностите на општина Берово во областа на социјалната заштита за 2018 година Бр.09-2917/1 од 05.12.2017 година после став 1 точка 7 се додава нова точка 8:

- давање на еднократна парична помош за секое новородено дете во текот на 2018 година

Во табелата ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ НА ДЕЛУВАЊЕ 3: СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА, после колона 5 се додава:

| ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ НА ДЕЛУВАЊЕ 3: **СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред. Бр. | **Активност** | **Период на реализација** | **Корисници** | **Планирани средства** |
| 6. | давање на еднократна парична помош за секое новородено дете во текот на 2018 година | Во текот на цела година | Новородени деца во 2018 година чии родители имаат регистрирано место на живеење на територијата на општина Берово | 100.000 Денари (Буџет на Општина Берово) |

Ова Дополнување на Прогарамата за активностите на општина Берово во областа на социјалната заштита е составен дел на Прогарамата за активностите на општина Берово во областа на социјалната заштита е составен дел на Бр.09-2917/1 од 05.12.2017 година и влегува во сила со денот на донесувањето.

Број 09-2229/1      Совет на општина Берово
27.12.2017 год.      Претседател
Берово      Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во општина Берово за 2017 година

Се објавува З А К Л У Ч О К за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во општина Берово за 2017 година бр. 09-3230/1, што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 27.12.2017 година.

Бр.08-40/19 ОПШТИНА БЕРОВО
03.01.2018 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“бр.5/02) и член 76 став 1 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Советот на Општина Берово на седницата одржана на 27.12.2017 година донесе:

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во општина Берово за 2017 година

1. Советот на Општина Берово го усвои Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во општина Берово за 2017 година, Бр.22-3129/1 од 21.12.2017 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-3230/1 Совет на Општина Берово
27.12.2017 година Претседател
Б е р о в о Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

О Д Л У К А
за определување и исплата на надоместок за изборните трошоци
на организаторите на изборната кампања за локалните избори
за 2017 година во Општина Берово

Се објавува О Д Л У К А за определување и исплата на надоместок за изборните трошоци на организаторите на изборната кампања за локалните избори за 2017 година во Општина Берово бр. 09-3231/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 27.12.2017 година.

Бр.08-40/20
03.01.2018 год.
Б е р о в о

ОПШТИНА БЕРОВО
Градоначалник
Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 86 од Изборниот законик („Сл.весник на РМ“ бр.40/06……125/2017) и член 19 став 2 точка 43 и точка 44 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Советот на Општина Берово на седницата одржана на 27.12.2017 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за определување и исплата на надоместок за изборните трошоци**
**на организаторите на изборната кампања за локалните избори**
**за 2017 година во Општина Берово**

Член 1

Со оваа Одлука се определува надоместокот за изборните трошоци кои треба да се исплатат на организаторите на изборната кампања на локалните избори за 2017 година во Општина Берово според освоени гласови и тоа за:

| Р.б. | Назив на партија - коалиција | Добиени гласови | надомест по глас | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Коалиција за локални избори 2017 предводена од СДСМ - Градоначалник | 5.006 | 15 денари | 75.090,00 денари |
| 2. | Коалиција за локални избори 2017 предводена од СДСМ - Совет | 4.737 | 15 денари | 71.055,00 денари |
| 3. | Коалиција предводена од ВМРО - ДПМНЕ - Градоначалник | 2.899 | 15 денари | 43.485,00 денари |
| 4. | Коалиција предводена од ВМРО - ДПМНЕ - Совет | 3.101 | 15 денари | 46.515,00 денари |
| | | | | |
| | Се вкупно: | | | 236.145,00 денари |

Член 2

Средствата од член 1 под реден број 1 за Коалиција за локални избори 2017 предводена од СДСМ за избор на градоначалник во износ од 75.090,00 денари да се исплатат на жиро сметка бр.300 0000041258 34 на Комерцијална Банка Скопје и под реден број 2 за Коалиција за локални избори 2017 предводена од СДСМ за избор за членови на Совет во износ од 71.055,00 денари да се исплатат на жиро сметка бр.300 0000041258 34 на Комерцијална Банка Скопје на организаторот на изборната кампања за локалните избори за 2017 година предводена од Коалиција за локални избори 2017 предводена од СДСМ.

Средствата од член 1 под реден број 3 за Коалиција предводена од ВМРО - ДПМНЕ за избор на градоначлник во износ од 43.485,00 денари да се исплатат на жиро сметка бр.210072304780162 на НЛБ Банка АД Скопје и под реден број 4 за Коалицијата предводена од ВМРО - ДПМНЕ за избор на членови на Совет во износ од 46.515,00 денари да се исплатат на жиро сметка бр.210072304780162 на НЛБ Банка АД Скопје на организаторот за изборна кампања за локалните избори за 2017 година предводена од Коалицијата предвидена од ВМРО – ДПМНЕ.

Член 3

Надоместокот од член 1 на оваа Одлука ќе се исплати од Буџетот на Општина Берово во согласност со Изборниот законик.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Берово".

Бр.09-3231/1
27.12.2017 година
Б е р о в о

Совет на Општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

О Д Л У К А
за давање на согласност на Годишниот План за вработување
на Општинска јавна установа за социјална заштита на стари лица
"Д-р Иван Влашки Берово" за 2018 година

Се објавува О Д Л У К А за давање на согласност на Годишниот План за вработување на Општинска јавна установа за социјална заштита на стари лица "Д-р Иван Влашки Берово" за 2018 годинабр. 09-3232/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 27.12.2017 година.

Бр.08-40/21
03.01.2018 год.
Б е р о в о

ОПШТИНА БЕРОВО
Градоначалник
Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 51 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 63 став 1 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за запирање на објавување на**
**О Д Л У К А**
**за давање на согласност на Годишниот План за вработување**
**на Општинска јавна установа за социјална заштита на стари лица**
**“Д-р Иван Влашки Берово” за 2018 година**

1. Се запира објавувањето на О Д Л У К А Т А за давање на согласност на Годишниот План за вработување на Општинска јавна установа за социјална заштита на стари лица “Д-р Иван Влашки Берово”за 2018 година, Бр.09-3232/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 27.12.2017 година, поради неусогласеност со законите.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово“.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор (“Службен весник на Република Македонија” бр.27/2014, 199/2014 и 27/2016), вработувањата во институциите на јавниот сектор се вршат врз основа на годишни планови за вработување, кои функционерите кои раководат со институциите ги подготвуваат врз основа на Методологијата за планирање.

*Функционерот кој раководи со институцијата е должен, најдоцна до 31 март, да го изготви и да го достави планот на согласност до Советот на општината за единиците на локалната самоуправа и јавните претпријатија и установи основани од единиците на локалната самоуправа.*

*Советот на општината е должен да даде согласност, односно да даде забелешки во однос на планот најдоцна во рок од еден месец од приемот на барањето.*

Функционерот кој раководи со институцијата е должен да постапи по забелешките дадени од Советот на општината, односно да го усогласи планот.

По добивањето на согласноста, односно по усогласувањето на планот, функционерот на институцијата е должен веднаш, а најдоцна до 10 мај да го донесе планот и истот да го достави на мислење до Министерството за информатичко општество и администрација.

Согласно член 46 од Законот за вработените во јавниот сектор (“Службен весник на Република Македонија” бр.27/2014, 199/2014 и 27/2016), глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на функционерот кој раководи со институцијата, ако не го донесе годишниот план за вработувања или спроведе постапка за вработување без годишен план, согласно членот 20-а став (1) од овој закон.

Од причина што роковите за доставување и давање на согласност на планот не соодвествуваат со законски предвидените рокови во член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор (“Службен весник на Република Македонија” бр. бр.27/2014, 199/2014 и 27/2016), се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-40/21
03.01.2018 год.
Б е р о в о

ОПШТИНА БЕРОВО
Градоначалник
Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен Весник на Република Македонија" бр.5/2002), и член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово ("Службен гласник на Општина Берово" бр.13/2002, 18/2007, 30/2008 и 20/2010), член 5 став 1 алинеја 3 и 4 од Правилникот за критериумите, постапката и реализацијата на трансфери по поднесени барања за еднократна парична помош на физички лица ("Службен гласник на Општина Берово" бр.29/2016) Советот на Општина Берово на седницата одржана на ден 27.12.2017 година донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за доделување на средства од
Буџетот на Општина Берово за 2017 година

1. На Санела Чиндарова од, Берово со ЕМБГ xxxxxxxxxxxx со адреса на живеење „23ти Август" бр. 42 во Берово и се доделуваат 8.000,оо денари поради тешка финансиска состојба како семејство приматели на социјална парична помош и евидентирани невработени лица, констатирано врз основа на поднесената документација во прилог на барањето.

2. Средствата за таа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Берово за 2017 година, програма А0, потставка 412110 – постојана резерва (непредвидливи расходи).

3. Се задолжува Одделението за финансиски прашања на Општина Берово да го спроведе ова Решение на трансакциска сметка бр.xxxxxxxxxxxx на Стопанска банка АД Скопје.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Берово".

Бр.09-3234/1
27.12.2017 година
Берово

Совет на Општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 и член 63 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на Р.М“ бр.5/02), член 61 став 1 алинеа 12 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02 и 18/07), член 14 став 7 од Законот за еднакви можности за мажите и жените („Сл.весник на Р.М“ бр.6/12……150/2015), Градоначалникот на Општина Берово донесе:

## РЕШЕНИЕ
### за определување на координатор за еднакви можности на мажите и жените

Член 1

Марина Предарска, Советник - Внатрешен ревизор се определува за координатор за еднакви можности на жените и мажите.

Член 2

Координаторот од член 1 се грижи за унапредување на еднаквите можности и недискриминацијата во рамките на надлежностите на единицата на локалната самоуправа, дава предлози и мислења поврзани со еднаквите можности до советот на единицата на локалната самоуправа и до институциите и организациите на локално ниво, изработува извештаи за состојбата со еднаквите можности и недискриминацијата во рамките на единицата на локалната самоуправа, соработува со комисијата за еднакви можности на жените и мажите во рамките на советот на единицата на локалната самоуправа и покренува заеднички иницијативи со цел за унапредување на еднаквите можности и недискриминацијата, соработува со невладините организации и останатите институции на локално ниво на прашањето на еднаквите можности и недискриминацијата, ја следи состојбата со еднаквите можности на локално ниво и предлага иницијативи за преземање на мерки за подобрување на состојбата со еднаквите можности и недискриминацијата и во исполнувањето на своите задачи се координира и соработува со Министерството за труд и социјална политика.

Член 3

Координаторот е должен најмалку еднаш годишно, најдоцна со 31 март во тековната година за претходната година, да достави извештај до Министерство за труд и социјална политика и истиот да го објави на веб страницата на Општина Берово.

Член 4

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Берово.

Бр.08-2793/1<br>30.11.2018 година<br>Берово

Општина Берово<br>Градоначалник<br>Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 и член 63 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на Р.М“ бр.5/02), член 61 став 1 алинеа 12 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02 и 18/07), член 14 став 7 од Законот за еднакви можности за мажите и жените („Сл.весник на Р.М“ бр.6/12……150/2015), Градоначалникот на Општина Берово донесе:

## РЕШЕНИЕ
## за определување на Заменик координатор за еднакви можности на мажите и жените

### Член 1

Наташа Каламадевска – Виш соработник за утврдување на данок на промет на недвижен имот се определува за Заменик координатор за еднакви можности на жените и мажите.

### Член 2

Заменик координаторот од член 1 се грижи за унапредување на еднаквите можности и недискриминацијата во рамките на надлежностите на единицата на локалната самоуправа, дава предлози и мислења поврзани со еднаквите можности до Советот на единицата на локалната самоуправа и до институциите и организациите на локално ниво, изработува извештаи за состојбата со еднаквите можности и недискриминацијата во рамките на единицата на локалната самоуправа, соработува со Комисијата за еднакви можности на жените и мажите во рамките на Советот на единицата на локалната самоуправа и покренува заеднички иницијативи со цел за унапредување на еднаквите можности и недискриминацијата, соработува со невладините организации и останатите институции на локално ниво на прашањето на еднаквите можности и недискриминацијата, ја следи состојбата со еднаквите можности на локално ниво и предлага иницијативи за преземање на мерки за подобрување на состојбата со еднаквите можности и недискриминацијата и во исполнувањето на своите задачи се координира и соработува со Министерството за труд и социјална политика.

### Член 3

Координаторот и Заменик координаторот се должни најмалку еднаш годишно, најдоцна со 31 март во тековната година за претходната година, да достават извештај до Министерство за труд и социјална политика и истиот да го објават на веб страницата на Општина Берово.

### Член 4

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Берово.

Бр.08-2794/1
30.11.2018 година
Берово

Општина Берово
Градоначалник
Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02) и член 120 став 9 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на Република Македонија" бр.23/13....27/16), Градоначалникот на Општина Берово донесе :

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТ**
**ДИРЕКТОР НА ОЈУДГ "23 АВГУСТ" БЕРОВО**

1. Се разрешува Латинка Поповска, дипломиран професор по предучилишно воспитување, со ЕМБГ xxxxxxxxxxxxxxxx и адреса на живеење на ул. "Маршал Тито" бр.44/А од с.Смојмирово, општина Берово, од функцијата Вршител на должност директор на ОЈУДГ "23 Август" Берово.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во " Службен гласник на Општина Берово".

Бр.08-47/1 Општина Берово
03.01.2018 година Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локалната самоуправа(Службен весник на РМ бр.5/02) и член 126 од Законот за заштита на децата („Сл.весник на Р.М" бр.23/13....27/16) и член 61 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Берово (Сл. Гласник на Општина Берово бр 13/02,18/07,30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесе :

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТ**
**ДИРЕКТОР НА ОЈУДГ "23 АВГУСТ" БЕРОВО**

1. За Вршител на должност директор на ОЈУДГ "23 Август" Берово се именува Невена Таковска, дипломиран професор по предучилишно воспитување, со ЕМБГ xxxxxxxxxx, број на лична карта xxxxxxxxx и адреса на живеење на ул. "Кеј на Револуцијата" бр.1/А Берово.

2. Именуваниот од член 1 на ова Решение, должноста Вршител на должност директор на ОЈУДГ "23 Август" Берово ќе ја врши до избор на директор на установата, но не подолго од 6 (шест) месеци.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Берово".

Бр.08-48/1 Општина Берово
03.01.2018 година Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М бр. 5/02") а во врска со член 9-б став 2 од Законот за заштита на личните податоци ("Службен Весник на Р.М'' бр. 7/05 ….. 43/14), и одредбите од Правилникот за содржината и формата на актот за начинот на вршење на видео надзор ("Службен Весник на Република Македонија" бр.158/10) Градоначалникот на општина Берово донесе:

**ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ВИДЕО НАДЗОР ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ОПШТИНА БЕРОВО**

Основни одредби
Член 1

Со овој Правилник се пропишува начинот на вршење на видео надзор во службените простории на Општина Берово (во натамошниот текст општината), која се јавува во својство на контролор, како и техничките и организиациските мерки кои се применуваат за обезбедување на тајност и заштита на личните податоци преку вршењето на видео надзорот, рокот на чувањето на видео записите, начинот на бришење како и правата и обврските на овластените лица кои имаат пристап до системот за вршење на видео надзор.

Цел за вршење на видео надзорот
Член 2

Преку системот за видео надзор во Општина Берово се обезбедува заштита на сопственоста на Општина Берово како и се обезбедува контрола над влегувањето и излегувањето во службените простории на Општина Берово.

Опис на системот за вршење на видео надзор
Член 3

Видео надзорот се врши преку 2 (две) камери, од кои едната камера е поставена на влезната врата од просториите на Општина Берово, а другата е поставена да го снима внатрешниот простор (ходникот) на општината и тоа со следните карактеристики:

- две колор камери од кои една внатрешна HLC542X и една надворешна IP65. Истите вршат 24 часа снимање без можност за фокусирање (зумирање). Истите содржат поддршка за снимање во затемните простории (инфраред);

Периодична оценка
Член 4

Општината на секои 2 години врши периодична оценка на постигнатите резултати од системот за вршење на видео надзор, а особено за:
-понатамошна потреба од користење на системот за вршење на видео надзор;
-целта, односно целите за вршење на видео надзорот;
-можни технички решенија за замена на системот за вршење на видео надзор;
-статистички показатели за пристапот до снимките направени од надзорот и
-начинот на искористување на снимките

За извршената периодична оценка од став 1 на овој член, Офицерот за заштита на лични податоци изработува извештај кој е составен дел на документацијата за воспоставување на системот за вршење на видео надзор на Општина Берово.

Категорија на лични податоци кои се обработуваат

Член 5

Преку системот за вршење на видео надзор се обработуваат следните категории на лични податоци:

-физички и физиолошки изглед на странките кои влегуваат и излегуваат од просториите на општината и
-физички и физиолошки изглед на вработените во општината.

Технички и организациски мерки

Член 6

Општината ги обезбедува следните технички мерки за тајност и заштита на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор и тоа:
1.единствено корисничко име за секое овластено лице;
2.лозинка креирана од секое овластено лице, составена од комбинација на најмалку осум алфанумерички карактери (од кои минимум една голема буква) и специјални знаци;
3.Лозинките се менуваат по изминат временски период што не може да биде подолг од 3 месеци;
4.корисничко име и лозинка која овозможува пристап на овластеното лице до системот за видео надзор во целина или до поединечни апликации;
5.Инсталирана харверска/софтверска заштитна мрежна бариера („фајервол'') или рутер помеѓу системот за видео надзор и интернет или било која друга форма на надворешна мрежа, како заштитна мерка против недозволени или злонамерни обиди за влез или пробивање на системот.
6.Ефективна и сугурна анти - спам заштита, која постојано ќе се ажурира заради превентивна заштита од спамови приклучување на системот за видео надзор на енергетска мрежа преку уред за непрекинато напојување.

Член 7

Општината ги обезбедува следните организациски мерки за тајност и заштита на обработката на личните податоци преку системот за видео надзор и тоа:
1.ограничен пристап или идентификација за пристап до системот за видео надзор, така што само овластени лица од страна на Градоначалникот може да имаат пристап до системот за видео надзор;
2.секое овластено лице има ограничен пристап до системот за видео надзор во однос симнување, гледање и снимање на видео записите за што добива писмено овластување;
3.уништување на видео записите по истекот на законскиот рок од 30 (триесет) дена за нивно чување и почитување на техничките упатства при инсталирање и користење на опрема за вршење на видео надзор;
4.Меки за физичка сигурност на просториите и сервер сала каде се сместени информатичко компјутерската опрема ма која се обработуваат личните податоци преку системот за видео надзор;
5.почитување на техничките упатства при инсталирање и користење на опрема за вршење на видео надзор.

Овластувањето од точка 2 на овој член се врши и при било кои други промени во работниот статус или статусот на ангажитрањето на овластеното лице што има влијание врз нивото на дозволениот пристап до системот за видео надзор.

Евидентирање на пристапот и увидот

Член 8

За пристапот и увидот до личните податоци обработени преку системот за вршење на видео надзор, Општина Берово води евиденција која ги содржи следните податоци:

- Реден број
- име и презиме на овластеното лице;
- датум и време на пристапување до системот за видео надзор;
- цел на пристапување до системот за видео надзор;
- датум и час на направената снимка до која се пристапува;

- датум и време, назив и седиште на корисникот на кому му е дадена снимката од видео надзорот;
- Запис за автоматизирано отфрлање од информацискиот систем.

Овластени лица за обработка на лични податоци преку системот
за вршење на видео надзор
Член 9

Пристап и увид до личните податоци обработени преку системот за вршење на видео надзор има администраторот на системот/одговорно лице за вршење на контрола на влезот на општината, или лице од редот на вработените во Општината кое со посебен акт е овластено од страна на Градоначалникот на Општината да го контролира и одржува системот за видео надзор и да има пристап во архивата на снимениот материјал (записи) и во централната компјутерска единица (компјутер) за видео надзор согласно Закон.

Со посебен детално образложен акт, Градоначалникот на Општината може да овласти и друго лице за пристап во архивата на снимениот материјал (записи) и во централната компјутерска единица (компјутер) за видео надзор.
Овластените лица од ставовите 1 и 2 на овој член, пред нивното отпочнување со работа или пред пристапот до системот за видео надзор на Општината, своерачно потпишуваат изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци преку системот за видео надзор.

Рок на чување на снимките од видео надзорот
Член 10

Снимките направени од видео надзорот се чуваат на хард диск на персоналниот компјутер каде што пристап имаат само администраторот на системот/одговорното лице за видео надзор или друго овластено лице во смисла на член 9 став 1 и 2 на овој правилник.

Снимките направени при вршење на видео надзор се чуваат 30 дена при што истите по истекот на рокот автоматски се бришаат од хард дискот на кој што се чуваат.

Снимките од видео надзорот може да се чуваат и подолг временски период од периодот наведен во став 2 од овој член ако е потребно согласно закон, но не подолго од исполнување на целите.

Член 11

Прегледување на симнениот материјал (записи) во централната компјутерска единица (компјутер) за видео надзор и увид во архивата може да се врши само врз основа на писмено одобрение од Градоначалникот кое е рачно потпишано и заверено во архива со архивски број и тоа од: Министерство за внатрешни работи и други надлежни органи со поднесување на писмено барање до општината.

Во Барањето од став 1 на овој член задолжително се наведува причината и законскиот основ заради која се бара прегледувањето на снимениот материјал.

Известување за вршење на видео надзор
Член 12

На видливи места, на главниот влез и на споредните влезови на објектот во кој се наоѓаат службените простоии на Општина Берово се истакнува известување за вршење на видео надзор, во кое се содржани информациите:

- дека се врши видео надзор од страна на Општина Берово;
- за начинот на кој можат да се добијат информации за тоа каде и колку време се чуваат снимките од системот на видео надзорот.

Технички спецификации на опремата
Член 13

За вршење на видео надзорот во Општина Берово се користат две колор камери од кои една внатрешна HLC542X и една надворешна IP65. Истите вршат 24 часа снимање без можност за фокусирање (зумирање). Истите содржат поддршка за снимање во затемните простории (инфраред);

План за поставеност на системот за видео надзор

Член 14

Графичкиот приказ за поставеност на системот за видео надзор, просторот каде се врши видео надзорот, аголот на покриеност на просторот опфатен со видео надзорот, како и карта со локациите на местата каде што се поставени камерите се содржани во Планот кој е составен дел на овој Правилник.

Анализа на целите за кои се поставува видео надзорот

Член 15

Анализата на целите за кои се поставува видео надзорот во Општина Берово е составен дел од овој Правилник.

Завршни одредби

Член 16

При обработка на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор соодветно се применуваат и другите одредби од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци (“Сл.Весник на Р.М.” бр.38/09 и 158/10).

Член 17

Со влегување во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за начинот на вршење на видео надзор на Општина Берово бр.01-2650/1 од 15.11.2010 година.

Член 18

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Берово.

Бр.01-3146/1 Општина Берово
22.12.2017 година Градоначалник
Берово Завонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Р.М бр. 5/02”), а во врска со член 10 став 2 алинеја 5 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци (“Службен весник на Р.М бр.38/09 158/10,”), Градоначалникот на општина Берово донесе:

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ПРАВЕЊЕ НА СИГУРНОСНА КОПИЈА, АРХИВИРАЊЕ И ЧУВАЊЕ, КАКО И ЗА ПОВТОРНО ВРАЌАЊЕ НА ЗАЧУВАНИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

**Член 1**

Со овој Правилник се пропишува начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци предмет на обработка во Општина Берово.

**Член 2**

Администраторот на информацискиот систем е одговорен за проверка на Применета на Правилникот за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци.
Во Правилникот од ставот (1) на овој член, задолжително треба да се содржани постапките за реконструирање на личните податоци во состојба во која биле пред да бидат изгубени или уништени.

Сигурносните копии задолжително се прават секој работен ден и на крајот од работната седмица, а по потреба и секој последен работен ден во месецот.

Сигурносните копии задолжително се прават на начин со кој ќе се гарантира постојана можност за реконструирање на личните податоци во состојба во која биле пред да бидат изгубени или уништени.

**Член 3**

Сигурносните копии се чуваат надвор од објектот во кој се наоѓаат серверите или персоналните компјутери во кои се сместени збирките на лични податоци за кои се прави сигурносна копија при што истите физички и криптографски заштитени, заради оневозможување на кава било модификација.
Сигурносните копии кои се чуваат на друга оддалечена локација од местото каде е сместен информацискиот систем треба да бидат обезбедени со соодветни технички и организациски мерки, согласно документацијата за технички и организациски мерки.

Во случајот од ставот (2) на овој член, меѓусебните права и обврски на Општината и правното односно физичкото лице каде се чуваат сигурносните копии, се уредуваат со Договор во писмена форма, кој задолжително ќе содржи технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци.

Заради заштита од неовластен пристап, серверот во кој е сместена сигурносна копија на сите снимени податоци, е сместен во безбеден простор.

**Член 4**

Општина Берово врши редовно снимање на сигурносна копија и архивирање на податоците во системот, на начин со кој се гарантира постојана можност за реконструирање на личните подартоци во состојбаа во која биле пред да бидат изгубени или уништени
За да се спречи губење или уништување на податоците се користи usb уред во кој еднаш дневно се креира резервна копија на базите на податоци во кои се обработуваат личните податоци за да во пад на компјутерскиот систем, или негово оштетување од каква било причина сите податоци останувaат сочувани на серверот и usb уредот.

Податоците од извршениот „backup'' се префрлуваат криптирани во „cloud'' на одредена локација.

Во серверот се поставени два хард диска во Raid конфигурација така што при дефект на некој од дисковите нема губење на информации.

Администраторот на информацискиот ситем еднаш месечно задолжително ја проверува функционалноста на сигурносните копии од став 1 на овој член за што го известува Офицерот за заштита на личните податоци и Градоначалникот на Општината.

**Член 5**

Заради заштита од неовластен пристап, серверот во кој се наоѓа сигурносна копија на сите снимени податоци, е сместен во безбеден простор, заштитен со брава, до кој има пристап само администраторот на информацискиот систем.

**Член 6**

Општината еднаш месечно или почесто ако има промени во конфигурацијата на серверите прави дополнителна комплетна сигурносна копија (клонирање на хард дисковите во имиџ датотека) н аактивните сертвери на посебен хардвер. По извршеното копирање се криптира и префрлува во ,,cloud’’ на одредена локација.

Администраторот на информацискиот систем задолжително ја проверува функционалноста на сигурносните копии од став 1 на овој член за што полугодишно писмено го известува офицерот за заштита на личнте податоци и Градоначалникот.

**Член 7**

При повторно враќање на зачуваните лични податоци, се врши евидентирање на таквото враќање на податоците, како и се евидентира датумот на враќањето на податоците и категоријата на податоци што се враќа.

За враќањето на личните податоци се составува записник во кој се наведува лицето кое го врши враќањето, времето и категоријата на личните податоци.

**Член 8**

Со влегувањето во сила на овој Правилник, престанува да важи Правилникот за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци бр.01-2651/1 од 15.11.2010 година.

**Член 9**

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Берово.

Бр.01-3148/1 Општина Берово
22.12.2017 година Градоначалник
Берово Завонко Пекевски с.р.

Врз основа на Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Р.М бр. 5/02”), а во врска со член 10 став 2 алинеја 6 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци (“Службен весник на Р.М бр.38/09, 158/10”), Градоначалникот на општина Берово донесе:

## ПРАВИЛНИК
## ЗА НАЧИНОТ НА УНИШТУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ, КАКО И НАЧИНОТ НА УНИШТУВАЊЕ, БРИШЕЊЕ И ЧИСТЕЊЕ НА МЕДИУМОТ ВО ОПШТИНА БЕРОВО

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува начинот на уништување на документите, како и начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите што се користат за обработување на личните податоци од страна на Општина Берово.

**Член 2**

Документите од став 1 на овој член се уништуваат со уред за ситнење ( шредер ) за што комисијата составува записник кој што го доставува до Градоначалникот на Општина Берово. Во записникот задолжително се наведуваат сите податоци за целосна идентификација ан документите што се уништуваат како и категориите на лични податоци кои што ги содржат документите што се уништуваат.

Одредбите од овој член се применуваат и при уништување на копиите или умножените документи.

**Член 3**

По пренесувањето на личните податоци од медиумот или по истекот на определениот рок за чување, медиумот се уништува, брише или пак се чисти од личните податоци кои што се снимени на него.

Уништувањето на медиумот се врши со механичко разделување на неговите составни делови, при што истиот повторно да не може да биде употреблив.

Бришењето или чистењето на медиумот се врши на начин што оневозможува понатамошно обновување на снимените лични податоци.

За случаите од ставовите 1 и 2 на овој член се составува записник, кој ги содржи сите податоци за целосна идентификација на медиумот, како и категориите на лични податоци снимени на истиот.

**Член 4**

Со влегувањето во сила на овој Правилник, престанува да важи Правилникот за начинот на уништување на документите, како и начинот на уништување, бришење и чистење на медиумот во Општина Берово бр.01-2652/1 од 15.11.2010 година.

**Член 5**

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Берово.

Бр.01-3147/1 — Општина Берово
22.12.2017 година — Градоначалник
Берово — Завонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Р.М бр. 5/02”), а во врска со член 10 став 2 алинеја 3 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци (“Службен весник на Р.М бр.38/09,158/10”), Градоначалникот на општина Берово донесе:

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ И ОДГОВОРНОСТИТЕ НА АДМИНИСТРАТОРОТ НА ИНФОРМАЦИСКИОТ СИСТЕМ И НА ОВЛАСТЕНИТЕ ЛИЦА ПРИ КОРИСТЕЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ И ИНФОРМАТИЧКО КОМУНИКАЦИСКАТА ОПРЕМА

**Член 1**

Со овој Правилник се пропишуваат обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и на овластените лица при користење на документите и информатичко комуникациската опрема при што Општина Берово во

својство на контролор ги применува за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци.

**Член 2**

Администратор на информацискиот систем во смисла на овој Правилник е административниот службеник кој има посебно овластување од страна на Градоначалникот на Општина Берово.

Овластено лице во смисла на овој правилник е административниот службеник, надворешни соработници како и други лица во Општина Берово кои користат документи кои содржат лични податоци и имаат пристап до информатичко комуникациската опрема на Општина Берово.

**Член 3**

Администраторот на информацискиот систем ги има следните обврски и одговорности:

- Врши анализа и проценка на ризиците на информацискиот систем на Општина Берово;
- Врши креирање, имплементација и развој на целокупниот процес на информативна сигурност во Општина Берово;
- Врши ревизија на инциденти поврзани со нарушувањата на безбедноста на информацискиот систем во согласност со Правилникот за пријавување, реакција и санирање на инциденти во Општина Берово;
- Врши доделување на корисничко име и лозинка при вработување или ангажирање на овластено лице со пристап до информацискиот систем, како и бришење на корисничко име и лозинка на овластено лице на кое му престанало вработувањето или ангажирањето по претходно известување добиено од страна на вработено лице кое ги врши работите за човечки ресурси во Општина Берово .
- Го определува нивото на пристап до документите/информациите содржани во информацискиот систем по претходно добиено овластување од страна на Градоначалникот на Општина Берово.
- Изработува програма за ревизии во однос на сигурноста на информацискиот систем.
- Се грижи за спроведување на правилата за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци согласно Правилникот за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување како и за повторно враќање на зачуваните податоци на Општина Берово.
- Му помага на офицерот за заштита на личните податоци при вршењето на неговите работни задачи согласно прописите за заштита на личните податоци и документацијата за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци на Општина Берово .
- Во координација со офицерот за заштита на личните податоци врши периодична контрола на евиденцијата за авторизиран пристап и

- во коориднација со офицерот за заштита на личните податоци се грижи за организација на обуки на вработените во однос на одржување на безбедноста на информацискиот систем.

За начинот на извршување на работата на администраторот на информацискиот систем се врши периодична контрола од страна на Комисија формирана од страна на Градоначалникот на Општина Берово.

За извршената периодична контрола Комисијата од став 2 на овој член изработува извештај во кој ги внесува констатираните неправилности и предложените мерки за нивно отстранување.

**Член 4**

Секое овластено лице, кое има пристап до личните податоци и до информатичко комуникациската опрема кај контролорот ги има следните обврски и одговорности:

- Должно е да се придржува до сите правила и процедури воспоставени со донесените интерни акти од страна на Општина Берово;
- Должно е да ги применува сите мерки за физичка безбедност на просториите каде се наоѓа информацискиот систем на Општина Берово;
- Должно е веднаш да пријави кај администраторот на информацискиот систем секакво сознание, било директно или индиректно, до кое корисникот ќе дојде, а може да укажува дека постои ризик од нарушување или аномалија на системот за тајност и заштита на обработката на личните податоцои во Општина Берово, било да се работи за надворешен или за внатрешен ризик;
- Не смее да ја прекршува преземената обврска за доверливост, со која се обврзува дека секој податок до кој ќе дојде во текот на работењето во Општина Берово, а кој спаѓа во категоријата на личен податок согласно прописите за заштита на личните податоци, ќе го чува како доверлив и нема да го пренесува, оддава, ниту на друг начин ќе го стави на располагање на било кое друго лице и во било која форма, надвор од системот на пропишани и воспоставени технички и организациски мерки според кои во Општина Берово се врши обработка на личните податоци.
- Секој инцидент кој ќе го забележи, овластеното лице мора да го евидентира во писмена фирма од моментот кога е забележан до неговата санација.
- Доделеното корисничко име и лозинка овластеното лице е должно да ги чува и да не ги споделува со други лица.
- Овластеното лице со потпишување на договорот за работа е должен да потпише и „ Изјава за тајност и заштита на обработка на личните податоци“.
- Овластеното лице при работа со документи кои содржат лични податоци треба да внимава на истите да не ги направи непотребно видливи на трети лица.
- Овластеното лице по престанокот на работното време и за време на паузи и отсуства, документите кои содржат лични податоци треба да ги чува на место на кое што нема да бидат непотребно видливи.

**Член 5**

Овластените лица задолжително се информираат за техничките и организациските мерки кои се однесуваат на извршувањето на нивните обврски и одговорности.

**Член 6**

Со денот на влегување во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за определување на обврските и одговорностите на корисниците при користење на документите и информатичко комуникациската опрема бр.01-2653/1 од 15.11.2010 година и Правилник за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и на овластените лица бр.01-2068/1 од 09.10.2012 година.

**Член 7**

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Берово.

Бр.01-3149/1 Општина Берово
22.12.2017 година Градоначалник
Берово Завонко Пекевски с.р.

Врз основа на Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М бр. 5/02") а во врска со член 10 став 2 алинеја 2 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци ("Службен весник на Р.М бр.38/09,"), Градоначалникот на општина Берово донесе:

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ТЕХНИЧКИТЕ И ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ МЕРКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ТАЈНОСТ И ЗАШТИТА НА ОБРАБОТКАТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ВО ОПШТИНА БЕРОВО

## I.Општи одредби

**Член 1**

Со овој Правилник се применуваат техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци што се применуваат во Општина Берово.

**Член 2**

Општина Берово ќе применува технички и организациски мерки кои обезбедуваат тајност и заштита на обработката на личните податоци соодветно на природата на податоците кои се обработуваат и ризикот при нивната обработка и тоа:

- основно ниво,
- средно ниво и
- високо ниво

**Член 3**

Општина Берово врши евидентирање и ја чува целокупната документација за софтверските програми за обработка на личните податоци и сите нејзини промени.

## Обработка на личните податоци

**Член 4**

Одредбите од овој Правилник се применуваат за:

- целосна и делумна автоматизирана обработка на личните податоци,

- друга рачна обработка на личните податоци што се дел од постојаната збирка на лични податоци или се наменети да бидат дел од збирката на лични податоци

**Член 5**

Општина Берово треба да обезбеди соодветни технички мерки за тајност и заштита на обработката на личните податоци и тоа:

1. Единствено корисничко име;
2. Лозинка креирана од секое овластено лице, составена од комбинација на најмалку осум алфанумерички карактери (од кои минимум една голема буква) и специјални знаци;
3. Корисничко име и лозинка која овозможува пристап на овластеното лице до информацискиот систем во целина, на поединечни апликации и/или поединечни збирки на лични податоци потребни за извршување на неговата работа;
4. Автоматизирано одјавување од информацискиот систем после изминување на определен период на неактивност (не подолго од 15 минути) и за повторно активирање на системот потребно е одново внесување на корисничко име и лозинката;
5. Автоматизирано отфрлање од информацискиот систем после три неуспешни обиди за најавување (внесување на погрешно корисничко име или лозинка) и автоматизирано известување на овластеното лице дека треба да се побара инструкција од администраторот на информацискиот систем;
6. Инсталирана хардверска/софтверска заштитна мрежна бариера („фајервол") или рутер помеѓу информацискиот систем и интернет или било која друга форма на надворешна мрежа како заштитна мерка против недозволени или злонамерни обиди за влез или пробивање на системот;
7. Ефективна и сигурна анти-вирусна или анти –спајвер заштита на информацискиот систем, која постојано ќе се ажурира заради превентива од непознати и непланирани закани од нови вируси и спајвери;
8. Ефективна и сигурна анти – спам заштита, која постојано ќе се ажурира заради превентивна заштита од спамови –
9. Приклучување на информацискиот систем (компјутерите и серверите) на енергетска мрежа преку уред за непрекинато напојување.

**Организациски мерки**
**Член 6**

(1) Општината треба да обезбеди соодветни организациски мерки за тајност и заштита на обработка на личните податоци и тоа:

1. Ограничен пристап или идентификација за пристап до личните податоци;
2. Организациски правила за пристап на овластените лица до интернет кои се однесуваат на симнување и снимање на документи преземени од електронската пошта и други извори;
3. Уништување на документи по истекот на рокот за нивно чување;
4. Мерки за физичка сигурност на работните простории и на информатичко комуникациската опрема каде што се собираат, обработуваат и чуваат личните податоци и
5. Почитување на техничките упатства при инсталирање и користење на информатичко комуникациската опрема на која се обработуваат личните податоци.

(2) Вработеното лице кое ги врши работите за човечки ресурси во Општината, го известува администраторот на информацискиот систем за вработувањето или ангажирањето на секое овластено лице со право на пристап до информацискиот систем, за да му биде доделено корисничко име и лозинка, како и за престанок на вработувањето или ангажирањето за да

му бидат избришани корисничкото име и лозинката, односно заклучени за натамошен пристап.
(3)Известувањето од ставот (2) на овој член се врши писмено, при било кои други промени во работниот статус или статусот при ангажирањето на овластеното лице што има влијание врз нивото на дозволениот пристап до информацискиот систем.

**Физичка сигурност на информацискиот систем**

**Член 7**

(1) Серверите на кои се инсталирани софтверските програми за обработка на личните податоци, се физички лоцирани, хостирани и администрирани од страна на Општината.
(2) Физички пристап до просторијата во која се сместени серверите имаат само лица посебно овластени од страна на Градоначалникот на Општина Берово.
(3) Доколку е потребен пристап на друго лице до просторијата и личните податоци зачувани на серверите, тогаш тоа лице ќе биде придружувано и надгледувано од лицето од став (2) на овој член.
(4) Просторијата во која се сместени серверите се заштитува од ризиците во опкружувањето преку примена на мерки и контроли со кои се намалува ризикот од потенцијални закани вклучувајќи кражба, пожар, експлозии, чад, вода, прашина, вибрации, хемиски влијанија, пречки во снабдувањето со електрична енергија и електромагнетно зрачење.
(5) По исклучок од став (1) на овој член, серверите на кои се инсталирани софтверски програми за обработка на личните податоци, можат да бидат физички лоцирани, хостирани и администрирани надвор од Општината.
(6) Во случајот од ставот (5) на овој член, меѓусебните права и обврски на Општината и правното, односно физичкото лице кај кое се физички лоцирани, хостирани и администрирани серверите, треба да бидат уредени со договор во писмена форма, кој задолжително ќе содржи технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци.

**Информирање за заштита на личните податоци**

**Член 8**

(1) Лицата кои се вработуваат или се ангажираат во Општината, пред нивното отпочнување со работа се запознаваат со прописите за заштита на личните податоци, како и со донесената документација за технички и организациски мерки.
(2) За лицата кои се ангажираат за извршување на работа во Општина Берово во договорот за нивно ангажирање се наведуваат обврските и одговорностите за заштита на личните податоци.
(3) Општина Берово пред непосредното започнување со работа на овластените лица, дополнително ги информира за непосредните обврски и одговорности за заштита на личните податоци.
(4) Лицата кои се вработуваат или се ангажираат во Општината, пред нивното отпочнување со работа своерачно потпишуваат изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци.
(5) Изјавата од став (4) на овој член особено содржи: дека лицата ќе ги почитуваат начелата на заштита на личните податоци пред нивниот пристап до личните податоци; ќе вршат обработка на личните податоци согласно упатствата добиени од Општината, освен ако со Закон поинаку не е уредено и ќе ги чуваат како доверливи личните податоци, како и за мерките за нивна заштита.
(6) Изјавата од став (4) на овој член задолжително се чува во досиејата на лицата кои се вработуваат или се ангажирани кај Општината.
(7) Општина Берово задолжително врши континуирано информирање на овластените лица за непосредните обврски и одговорности за заштита на личните податоци.

**Обврски и одговорности на администраторот на информацискиот систем**

**Член 9**

(1) Обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем, Општината ги дефинира и утврдува во Правилникот за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и на овластените лица.
(2) Офицерот за заштита на личните податоци во Општината задолжително врши периодична контрола над работата на администраторот на информацискиот систем и изработува извештај за извршена контрола.
(3) Во извештајот од ставот (2) на овој член треба да се содржани констатираните неправилности и предложените мерки за отстранување на тие неправилности.

**Обврски и одговорности на овластените лица**

**Член 10**

(1) Обврските и одговорностите на секое овластено лице кое има пристап до личните податоци и до информацискиот систем, Општината ги дефинира и уредува со Правилник за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот ситем и на овластените лица.
(2) Општина Берово задолжително ги информира овластените лица од ставот (1) на овој член со документацијата за технички и организациски мерки кои се однесуваат на извршувањето на нивните обврски и одговорности.

**Евидентирање на инциденти**

**Член 11**

Во Правилник за пријавување, реакција и санирње на инциденти, Општината го определува начинот на евидентирање на секој инцидент, времето кога се појавил, овластеното лице кое го пријавило, на кого е пријавен и мерките кои се преземени за негово санирање.

**Идентификација и проверка**

**Член 12**

(1) Општината задолжително води евиденција за овластените лица кои имаат авторизиран пристап до документите и информацискиот систем, како и воспоставува постапки за идентификација и проверка на авторизираниот пристап.
(2) Кога проверката се врши врз основа на корисничко име и лозинка, Општината секогаш ги применува правилата кои ја гарантираат нивната доверливост и интегритет при пријавување, доделување и чување на истите.
(3) Лозинките треба автоматски да се менуваат по изминат временски период што не може да биде подолг од три месеци утврден со овој Правилник.

**Контрола на пристап**

**Член 13**

(1) Овластените лица задолжително имаат авторизиран пристап само до личните податоци и информатичко комуникациската опрема кои се неопходни за извршување на нивните работни задачи.
(2) Општината воспоставува механизми за да се оневозможи пристап на овластените лица до личните податоци и информатичко коминкациската опрема со права различни од тие за кои се авторизирани.
(3) Во евиденцијата на овластените лица утврдени во член 12 став (1) на овој правилник се внесуваат и нивоата на авторизиран пристап за секое овластено лице.
(4) Администраторот на информацискиот систем кој е овластен согласно Правилникот за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и на овластените лица може да доделува, менува или да го одзема авторизираниот

пристап до личните податоци и информатичко комуникациската опрема само во согласност со критериумите кои се утврдени од страна на Општината.

**Управување со медиуми**

**Член 14**

(1) Со медиумите треба да се овозможи идентификација и евидентирање на категориите на лични податоци и истите треба да се чуваат на локација до која пристап имаат само овластени лица утврдени со овој Правилник.
(2) Пренесувањето на медиумите надвор од работните простории се врши само со претходно писмено овластување од страна на Градоначалникот на Општината.
(3) Општината воспоставува систем за евидентирање на медиумите кои се примаат со цел да овозможи директна или индиректна идентификација на видот на медиумот кој е примен, датум и време на примање, испраќач, број на медиуми кои се примени, вид на документ кој е снимен на медиумот, начин на испраќање на медиумот, име и презиме на лицето овластено за прием на медиумот.
(4) Одредбите од ставот (3) на овој член се применуваат и за евидентирање на медиумите кои се испраќаат од страна на Општината.
(5) За пренесените медиуми надвор од работните простории на Општината, се преземаат неопходни мерки за да се спречи неовластено обработување на личните податоци снимени на нив. Медиумите можат да се пренесуваат надвор од работните простории само со претходно писмено овластување од страна на Градоначалникот на Општината и ако личните податоци се криптирани или ако се заштитени со соодветни методи кои гарантираат дека податоците нема да бидат читливи, при што само администраторот на информацискиот систем може да ги декриптира или лице овластено од него.

**Уништување, бришење или чистење на медиумот**

**Член 15**

(1) При пренесувањето на личните податоци од медиумот или по истекот на определениот рок за чување, медиумот треба да се уништи, избрише или да се исчисти од личните податоци снимени на него.
(2) Уништувањето на медиумот се врши со механичко разделување на неговите составни делови, при што истиот повторно да не може да биде употреблив.
(3) Бришењето или чистењето на медиумот треба да се изврши на начин што ќе оневозможи понатамошно обновување на снимените лични податоци.
(4) За случаите од ставовите (2) и (3) на овој член комисиски се составува записник, кој ги содржи сите податоци за целосна идентификација на медиумот, како и за категориите на лични податоци снимени на истиот.

**Идентификација и проверка**

**Член 16**

Општината треба да воспостави механизми кои ќе овозможат јасна идентификација на секое овластено лице кое пристапило до информацискиот систем и можност за проверка на авторизацијата за секое овластено лице.

**Евидентирање на авторизираниот пристап**

**Член 17**

(1) Општината води евиденција за секој авторизиран пристап кој треба да ги содржи особено следните податоци: име и презиме на овластеното лице, работна станица од каде се пристапува до информацискиот систем, датум и време на пристапување, лични податоци кон кои е пристапено, видот на пристапот со операциите кои се преземени при обработка на податоците, запис за авторизација за секое пристапување, запис за секој неавторизиран пристап и запис за автоматизирано отфрлање од информацискиот ситем.

(2) Во евиденцијата од ставот (1) на овој член се внесуваат и податоци за идентификување на информацискиот систем од кој се врши надворешен обид за пристап во оперативните функции или личните податоци без потребното ниво на авторизација.
(3) Операциите кои овозможуваат евидентирање на податоците од ставвите (1) и (2) на овој член се констатираат од страна на офицерот за заштита на личните податоци и истите не може да се деактивираат.
(4) Евиденцијата од ставот (1) на овој член се чува најмалку пет години.
(5) Офицерот за заштита на личните податоци врши периодична проверка на податоците од ставовите (1) и (2) на овој член, најмалку еднаш месечно и изготвува извештај за извршената проверка и за констатираните неправилности.

**Контрола на физички пристап**

**Член 18**

Во документацијата за технички и организациски мерки, Општината определува критериуми за овластените лица кои можат да имаат пристап до просториите каде е сместен информацискиот систем.

**Евидентирање на инциденти**

**Член 19**

(1) Во Правилникот за пријавување, реакција и санирање на инциденти, Општината ги определува постапките кои се применуваат за повторно враќање на личните податоци и начинот на евидентирање на овластените лица кои ги извршиле операциите за повторно враќање на личните податоци, категориите на личните податоци кои се вратени и кои биле рачно внесени при враќањето.
(2) За повторно враќање на личните податоци, Општината издава писмено овластување на овластените лица за да ги извршат операциите за враќање на податоците.

**Сигурносни копии**

**Член 20**

(1) Контролорот е одговорен за проверка на примената на Правилата за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување како и за повторното враќање на зачуваните лични податоци.
(2) Сигурносни копии задолжително се прават секој работен ден и на крајот од работната седмица, а по потреба и секој последен работен ден во месецот.
(3) Сигурносните копии задолжително се прават на начин со кој ќе се гарантира постојана можност за реконструирање на личните податоци во состојба во која биле пред да бидат изгубени или уништени.

**Пристап до документите**

**Член 21**

(1) Пристапот до документите е ограничен само за овластени лица на Општината.
(2) За пристапувањето до документите задолжително се воспоставуваат механизами за идентификација на овластените лица и за категориите на личните податоци до кои се пристапува.
(3) Доколку е потребен пристап на друго лице до документите тогаш се воспоставени соодветни процедури за таа цел во документацијата за техничките и организациските мерки.

**Правило „чисто биро''**

**Член 22**

Општината задолжително го применува правилото „чисто биро'' при обработката на личните податоци содржани во документите за нивна заштита за време на целиот процес на обработка од пристап на неовластени лица.

**Чување на документи**

**Член 23**

Чувањето на документите се врши на начин на кој ќе се применат соодветни механизми за попречување на секое неовластено отворање.

**Уништување на документи**

**Член 24**

(1) Уништувањето на документите се врши со ситнење или со друг начин, при што истите повторно да не можат да бидат употребливи.
(2) Во случајот од ставот (1) на овој член комисиски се составува записник кој ги содржи сите податоци за целосна идентификација на документите како и за категориите на личните податоци содржани во истите.

**Начин на чување на документите**

**Член 25**

Плакарите (орманите), картотеките или другата опрема за чување на документи се сместени во простории заклучени со соодветни заштитни механизми. Просториите се заклучени и за периодот кога документите не се обработуваат од овластените лица.

**Копирање или умножување на документите**

**Член 26**

(1) Копирањето или умножувањето на документите може да се врши единствено со контрола на овластени лица определени со претходно писмено овластување од страна на Општината.
(2) Уништувањето на копиите или умножените документи се врши на начин што ќе оневозможи понатамошно обновување на содржаните лични податоци.

**Пренесување на документи**

**Член 27**

Во случај на физички пренос на документите, Општината задолжително презема мерки за нивна заштита од неовластен пристап или ракување со личните податоци содржани во документите кои се пренесуваат.

**Влегување во сила**

**Член 28**

Со денот на влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштите на обработката на личните податоци во Општина Берово бр.01-2654/1 од 15.11.2010 година и Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци во Општина Берово бр.01-1272/1 од 19.05.2011 година.

**Член 29**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Берово.

Бр.01-3145/1 Општина Берово
22.12.2017 година Градоначалник
Берово Завонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа “Службен Весник на Р.М бр. 5/02” а во врска со член 10 став 2 алинеја 1 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци (“Службен Весник на Р.М. бр. 38/09,158/10”) Градоначалникот на Општина Берово донесе:

# ПЛАН
# ЗА СОЗДАВАЊЕ СИСТЕМ НА ТЕХНИЧКИ И ОРГАНИЗАЦИСКИ МЕРКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ТАЈНОСТ И ЗАШТИТА НА ОБРАБОТКАТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

## I.Цел на планот

Со овој план се предвидува создавање соодветен систем за технички и организациски мерки што Општина Берово во својсто на контролор ги применува за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци и за оценка на нивната адекватност со видот и обемот на работните процеси што ги врши Општина Берово.

## II.Обработка на личните податоци

Во Општина Берово се обработуваат следните категории на лични податоци:

1.Заради спроведување на конкретни права и обврски од областа на трудовото право според Законот за вработените во јавниот сектор (Член 19) и Законот за евиденцијата за областа на трудот (членови 8 и 21):

-име и презиме на вработените во Општина Берово,
-име на еден од двата родитела,
-датум на раѓање,
-место на раѓање,општина на раѓање,
-адреса на живеење или престојување,
-место на живеење,
-општина на живеење,
-единствен матичен број на вработените,
-број на трансакциони сметки на вработените во Општина Берово,
-држава,
-припадност на заедница,
-пол,
-меил адреса,
-извод од матичната книга на родени,
-извод од државјанство и
-дипломи, уверенија за стекнато образование,
-податоци за тековно врабитување и за претходните вработувања (група, подгрупа, категорија, ниво и работно место)
-податоци за образованието, стручните квалификации и работните компетенции,
-податоци за годишните оцени,
-податоци за висината на платата и надоместоците од плата и
-други податоци за вработениот.

2.Лични податоци на странките и трети лица при водење на управни постапки и прекршочни постапки, согласно Законот за општата управна постапка и др. Закони по кои се постапува во работата на Општина Берово:
-име и презиме,
-адреса на живеење и престојувалиште,
-единствен матичен број на граѓанинот,
-даночен број,
-жиро сметка,

-Државјанство,
-телефонски броеви,
-е-маил адреси и
-други податоци потребни за спроведување на конкретни постапки, согласно со закон

3.Збирка за евиденција на плати на вработените со следните категории на лични податоци кои се собираат и обработуваат:

a) Податоци за работното време на работникот и за користење на работното време и тоа:
   1) Можен број на работни часови и тоа за:
- полно работно време и
- скратено работно време
   2) Вкупно оставарени работни часови и тоа за:
- полно работно време и
- скратено работно време;
   3) Неизвршени часови за кои се прима надомест на плата од средствата на работодавачот за:
- привремена спреченост за работа, според прописите на здравственото осигурување,
- прекин на работа поради штрајк;
   4) Вкупно неизвршени часови за кои се прима надомест од средствата на друг работодавач;
   5) Вкупно неизвршени часови за кои се прима надомест на плата од средствата на здравственото осигурување и тоа за:
- часови за привремена спреченост за работа поради болест, повреда и други причини,
- часови на отсуство од работа, поради бременост, раѓање и мајчинство и
Работа со половина од полното работно време на родителот со потешко хендикепирано дете,
- неизвршени часови за кои не се прима надомест на плата и
   6) Часови на работа подолго од полното работно време;

a) Податоци за бруто платите на работникот:
   1) Исплатена бруто плата, од тоа за работа со:
- полно работно време,
- скретено работно време и
- подолго од полното работно време;
   2) Исплатена нето плата, од тоа за работа со:
- полно работно време,
- скратено работно време и
- подолго од полното работно време;
   3) Најниска бруто и нето плата;
   4) Надоместоци од плата и тоа од:
- средства на работодавачот и
- средства на друг работодавач;

a) Надоместоци и други примања на работникот од средствата на работодавачот и тоа за:
- регрес за годишен одмор,
- испратнина,
- отпремнина при заминување во пензија,
- солидарна помош,

b) Податоци за платените придонеси и даноци од плата.

4. Евиденција на работно време согласно Законот за работни односи (член 116)
- име и презиме
- број на досие
- број на картичка и
- работни часови

5.Евиденција за прекувремена работа согласно Законот за работни односи (член 117)
- име и презиме,
- датум на започнување на прекувремена работа,

- датум на завршување на прекувремена работа и
- вкупно време на прекувремена работа

5. Видео записи кои произлегуваат од вршењето на видео надзорот во Општина Берово.

**III.Нивоа на технички и организациски мерки**

На сите документи во Општина Берово задолжително се применуваат техничките и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци класифицирани во три нивоа:

-основно ниво,
-средно ниво и
-високо ниво.

**IV.Документација за технички и организациски мерки**

Системот за технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци во Општина Берово се состои од следните механизми:

1. Донесување на Правилник за технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци,
2. Донесување на Правилник за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и на овластените лица;
3. Донесување на Правилник за пријавување, реакција и санирање на инциденти,
4. Донесување на Правилник за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци,
5. Донесување на Правилник за начинот на уништување на документите, како и за начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите;
6. Донесување на Упатство за начинот на водење евиденција за лица овластени за вршење на обработката на личните податоци и за пренесување на медиуми надвор од работните простории на Општината.

Вработените и ангажираните лица во Општина Берово се должни секој во рамките на своите работни задачи да ги почитуваат и применуваат овие интерни акти.
Офицерот за заштита на личните податоци во Општина Берово врши редовна проценка за потребите за изготвување и донесување на нови интерни акти или промена на старите од аспект на нивно усогласување со прописите за заштита на лични податоци.

**V.Периодични контроли**

Офицерот за заштита на личните податоци во Општина Берово, најмалку еднаш месечно ги врши следните контроли и за тоа изготвува извештај:

- Контрола на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработка на личните податоци,
- Контрола на евиденција за секој авторизиран/неавторизиран пристап до информацискиот систем,
- Контрола на доверливоста и сигурноста на лозинките и на останатите форми на идентификација,
- Контрола за начинот за пристап на вработените и ангажираните лица до интернет во Општина Берово, кои се однесуваат на симнување и снимање на документи преземени од електронска пошта и други извори,
- Контрола на уништување на документи кои содржат лични податоци по истекување на рокот за чување, како и за начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите,
- Контрола на начинот на управување со медиуми кои се носители на лични податоци,
- Контрола на примена на принципот “чисто биро”

-Контрола на писмените овластувања издадени од страна на Градоначалникот на општина Берово, за вршење на обработка на личните податоци и за пренесување на медиуми надвор од работните простории на Општина Берово,
- Контрола на начинот на воспоставување физичка сигурност на работните простории и опремата каде што се обработуваат и чуваат личните податоци,
- Контрола на начинот на пристап до целиот информациски систем преку персоналните компјутери,
- Контрола на начинот на правење на сигурносни копии, архивирање и чување како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци,
- Контрола на евиденцијата за физички пристап до просторијата во која се сместени серверите,
- Контрола на постапката за поништување на изјавата за тајност и заштита на обработката на личните податоци од страна на вработените и ангажираните лица во Општина Берово.

**VI.Преодни и завршни одредби**

Со денот на влагување во сила на овој План за создавање систем на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци престанува да важи Планот за создавање систем на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци бр.01-2656/1 од 15.11.2010 година.

Овој план влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Берово.

Бр.01-3144/1 Општина Берово
22.12.2017 година Градоначалник
Берово Завонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Р.М бр. 5/02”) а во врска со член 10 став 2 алинеј 4 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци (“Службен Весник на Р.М. бр. 38/09, 158/10”), Градоначалникот на општина Берово донесе:

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ, РЕАКЦИЈА И САНИРАЊЕ НА ИНЦИДЕНТИ ВО ОПШТИНА БЕРОВО

### Член 1

Со овој Правилник се пропишува начинот на пријавување, реакција и санирање на инциденти кои влијаат или можат да влијаат на тајноста и заштитата на личните податоци, кои се обработуваат во Општина Берово во својство на контролор.

### Член 2

Секое овластено лице е должно веднаш да го пријави на администраторот на информацискиот систем секој инцидент кој ќе настане во процесот на обработување на лични податоци.

Пријавувањето на инцидентот од став 1 на овој член се врши во електронска форма а доколку тоа не е возможно во писмена форма, при што се наведуваат следните податоци за инцидентот:
- Време на настанување на инцидентот,

- Траење и престанок на инцидентот,
- Место во информацискиот систем каде се појавил инцидентот,
- Податок или проценка за обемот, односно обсегот на инцидентот,
- Име и презиме на корисникот кој го пријавил инцидентот,
-Име и презиме на овластените лица до кои е доставена пријавата за инцидентот.

**Член 3**

По приемот на пријавата за инцидентот, администраторот на информацискиот систем веднаш започнува да врши проценка на причините за појавување на инцидентот и за тоа дали и кои мерки треба да се преземат за негово санирање и за спречување на негово повторување во иднина.

Доколку се работи за инцидент кој се повторува, администраторот на информацискиот систем е должен да превземе мерки кои ќе гарантираат трајно отстранување на ризикот од негово повторување.

**Член 4**

Доколку како последица на инцидентот дојде до губење или бришење на дел или сите лични податоци содржани во информацискиот систем, истите ќе бидат повторно внесени – вратени во информацискиот систем, со користење на сигурносните копии кои се чуваат кај контролорот и во „cloud''.

Постапката од став 1 на овој член ќе се применува и доколку бришењето или губењето на дел или сите лични податоци содржани во информацискиот систем е неопходно заради отстранување на последиците од инцидентот или за преземање на мерки за спречување на негово повторување во иднина.

**Член 5**

При повторно внесување – враќање на личните податоци во системот, задолжително и во електронска форма да се врши евидентирање на корисниците кои ги извршиле операциите за повторно враќање на податоците, категориите на лични податоци кои биле вратени и кои биле рачно внесени при враќањето.

Повторното враќање на личните податоци во информацискиот систем се врши од страна на администраторот на информацискиот систем или овластените лица врз основа на претходно издадено писмено овластување од страна на Градоначалникот на Општина Берово.

**Член 6**

Со влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за пријавување, реакција и санирање на инциденти во Општина Берово бр.01-2655/1 од 15.11.2010 година.

**Член 7**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Берово.

Бр.01-3143/1
22.12.2017 година
Берово

Општина Берово
Градоначалник
Завонко Пекевски с.р.

ИЗДАВА:
ОПШТИНА БЕРОВО